Влада на Република Северна Македонија
Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

НА

НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

ЗА

2025 година

Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 30.062026 година го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

СОДРЖИНА

1. ПОДДРЖУВАЧКА РАМКА 3

1.1 Координирачки структури 3

1.2 Законска и регулаторна рамка 5

1.3 Меѓународна соработка 7

2. ПРЕВЕНЦИЈА 15

2.1 Идентификување на причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција 15

2.2 Јакнење на капацитетите на стручните и надлежните служби 18

2.3 Подигање на јавната свест и едукација 26

3. ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИ И МИГРАНТИ 34

3.1 Механизми за идентификација и упатување на жртви 34

3.2 Идентификација, упатување и директна помош на жртви 35

3.3 Правна помош на жртви на трговија со луѓе и мигранти 40

4. ИСТРАГА И КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ 43

4.1 Предистражна постапка 43

4.1.1 Трговија со луѓе/дете 43

4.1.2 Акциски контроли и инспекциски надзори 45

4.1.3 Криумчарење мигранти 46

4.2 Кривична постапка 50

5. БУЏЕТ 51

6. ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 година. 52

7. ПРИЛОЗИ 53

1. ПОДДРЖУВАЧКА РАМКА

1.1 Координирачки структури

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција[1] (Комисијата) е тело кое ги обединува и координира сите засегнати страни во борба против трговијата со луѓе. Со Комисијата раководи Национален Координатор[2], а во нејзината работа учествуваат и двајца заменици, од кои еден задолжен за активностите од областа за борба против трговијата со луѓе, а другиот заменик за активности поврзани со илегалната миграција, секретар и членовите на Комисијата.[3]

Во рамките на Комисијата од 2003 година, функционираат работни тела: **Секретаријат**,[4] кој дава поддршка во реализација на одлуките на Комисијата и **Подгрупата за борба против трговија со деца** (Подгрупа) која ги следи специфичните потреби на децата жртви, штитејќи ги нивните интереси и права.[5]

Во текот на годината, Комисијата и нејзините тела одржуваа редовни контакти со членовите и соработниците на национално[6] и регионално ниво, на кои се дискутираа и предлагаа решенија и заложби за унапредување во областа на трговијата со луѓе/деца и илегална миграција. Воедно, тие континуирано спроведуваа активности предвидени во Национална стратегија и Националниот акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција и Национален акциски план за борба против трговија со деца за период 2021-2025 година (НАП).[7]

Националната Единицата за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) при Министерството за внатрешни работи (МВР) во 2025 година, континуирано ја реализираше својата основна задача, насочена кон откривање и гонење на сторителите на кривични дела на трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Во континуитет таа постапува согласно Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со жртви на трговија со луѓе, при што за сите идентификувани претпоставени жртви на трговија со луѓе (ПЖТЛ) го известува Националниот механизам за

---

[1] Одлука објавена во „Службен весник на РМ“ бр.18/2001, 82/2015, 18/2019 и „Службен весник на РСМ“ 240/2020 и 218/24.

[2] „Службен весник на РСМ”, број 240/24

[3] Членови на Комисијата, преставници на: МВР, МНРНТ, МСПДМ, МП, МОН/БРО, МЗ, ОЈО за ГОКК, Основен кривичен суд Скопје, ДИТ и АВРСМ. Последни измени од „Службен весник на РСМ”, бр. 240/24 и **бр.232/25**

[4] Членуваат претставници од: меѓународни организации, здруженија на граѓани и експерти од институции: МВР-НЕСКМТЛ, МТСП-НМУ, ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ, Амбасада на САД, ICMPD, OSCE, IOM, UNODC, UNHCR, GIZ, MARRI, Програмска канцеларија на Совет на Европа, МЗМП, Здружението на граѓани против насилство и трговија со луѓе„Отворена Порта-Ла Страда“, Здружението на граѓани „За среќно детство“ и Црвен крст на РСМ.

[5] Претседава раководителка на секторот за еднакви можности при МТСП-НМУ, членови се: МВР-НЕСКЕКМ, БРО, Програмска канцеларија на Совет на Европа, ICMPD, UNODC, OSCE, IOM, ГИЗ, УНИЦЕФ, Здруженија „Отворена Порта-Ла Страда,“ „За среќно детство“, СОС Детско село и заменик Народен правобранител како надворешен член/набљудувач.

[6] Одржани состаноци во текот на минатата година на 10.02.2025 година, 20.05.2025 година и 4.11.2025 година.

[7] Стратегијата и НАП се усвоени на 20.04.2021 година од страна на Влада на РСМ.

упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ), врши проценки за безбедносен ризик на жртвите и ги упатува во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе (Центарот/ЦЛЖТЛ).

Полициските службеници од НЕСКМТЛ, се дел од Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (Task Force). Во таа насока тие континуирано учествуваат во размена на информации преку воспоставени канали на меѓународна полициска соработка како што се Европол, Интерпол, СЕЛЕК, Фронтекс, офицери за врски и сродните единици од МВР во земјите од регионот. Активно партиципираат во Работна група на Западен Балкан за криумчарење мигранти (Western Balkan Task Force) во откривање на меѓународни организирани криминални групи.

Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), Секторот за еднакви можности, како координатор на **Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе** (НМУ), во 2025 година продолжи со соработка со Комисијата и координација со членовите на Подгрупата, Центрите за социјална работа (ЦСР), Државниот трудов инспекторат (ДИТ), Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК) и МВР/НЕСКМТЛ, Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и релевантни здруженијата на граѓани (ЗГ). НМУ ги следи и координира активностите (во 30 градови во РСМ) во ЦСР кои имаат исклучително важна улога во целиот процес, од идентификација до ресоцијализација и реинтеграција на жртви и децата жртви на трговија со луѓе. Претседавач на Подгрупата е претставничка од МСПДМ/НМУ која во текот на 2025 година следеше спроведување на активности согласно Оперативниот план за борба против трговија со деца 2023-2025 година.

НМУ исто така, продолжи да ги координира мобилните тимови за идентификација на ранливи категории на граѓани меѓу кои и жртви на трговија со луѓе во петте града Скопје, Куманово, Битола, Тетово и Гевгелија.

Во однос на воспоставување на нов Центар за дневно и привремено прифаќање и згрижување на жртви на трговија со луѓе, објектите доделени во владение на Министерството за социјална политика, демографија и млади сè уште не се ставени во употреба. Во текот на 2025 година не беше извршена проценка на недвижниот имот, која претставува основа за реновирање, реконструкција и адаптација на објектите. Во таа насока беше доставена ургенција до Бирото за судски вештачења при Министерството за правда. Согласно Програмата на Владата за 2025 година, формирана е работна група за воспоставување на Центарот, составена од претставници на МСПДМ, Кабинетот на Претседателот на Владата, Министерството за внатрешни работи и Општина Аеродром, која треба да подготви акциски план со потребните финансиски средства.

Оперативниот тим за координација, следење и управување со случаи на трговија со луѓе, формална идентификација на жртвите и нивен статус

(Оперативен тим)[8] во текот на 2025 година продолжи со својата работа и одржа 2 координативни состаноци[9] со цел идентификување на жртви за кои беа донесени одлуки за нивниот статус и координирање и следење на случаи на трговија со луѓе и трговија со деца, чијашто формална идентификација е веќе извршена.

Комисијата е во континуирана координација и со **Националниот известувач за борба против трговија со луѓе и илегална миграција,**[10] при што се разменуваат потребни информации за спроведените активности и овозможуваат податоци кои се потребни за подготовка на извештајот од страна на Националниот известувач за трговија со луѓе на РСМ.

Со поддршка на проектот EU4FAST, во текот на извештајниот период беше завршено реновирањето и опремувањето на **специјализирана просторија за сослушување на деца, жртви и сведоци** во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Просторијата е уредена согласно европските и меѓународните стандарди за детско-сензитивен и пристап фокусиран на жртвата и овозможува спроведување на сослушувања во безбедна, прилагодена и поддржувачка средина. Воспоставувањето на оваа инфраструктура придонесува кон намалување на ризикот од секундарна виктимизација и унапредување на процесните гаранции во кривичните постапки. Од јули 2025, просторијата е ставена во употреба и се користи за потребите на постапките во кои се вклучени деца и други ранливи лица.

Во мај 2025 година, со поддршка на ИОМ, беше спроведена и **евалуација на Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и двата акциски плана**, што претставува значаен чекор во идентификувањето на предизвиците, слабостите и приоритетните области за понатамошно унапредување на системскиот одговор и основа за формирање и изработка на новите стратешки документи.

1.2 Законска и регулаторна рамка

Во декември 2025 година, на предлог на група пратеници од Собранието на Република Северна Македонија, беше доставен **Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик**, со кој, меѓу другите предвидени измени и дополнувања беше предложено дополнување на кривичното дело „Трговија со дете“ од член 418-г. Со предложените дополнувања се врши **дополнително прецизирање и проширување на опфатот на кривичното дело**[11], преку воведување на нов облик на инкриминација кој се однесува на санкционирање на родител, посвоител, старател или друго лице кое има должност за грижа и воспитување на дете,

[8]Формиран 2022 година со одлука на Комисијата.
[9]На 19.05.2025 година и на 29.12.2025 година
[10]Од 01.12.2019 година избрано е лице од Народниот правобранител на РСМ за Национален известувач.
[11] „(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и родител, посвоител, старател или друго лице кое има должност за грижа и воспитување на дете, кој од користољубие го пренесува или го овозможува надзорот над детето на трето лице заради питачење.“

доколку од користољубие го пренесе или овозможи надзор над детето на трето лице заради за питачење. Истовремено, се воведува и **потежок, квалифициран облик на делото**[12] во случаи кога како последица ќе настапи тешка телесна повреда, тешко нарушување на здравјето на детето или кога детето ќе биде вовлечено во питачење, проституција или други облици на асоцијално однесување, за што е предвидена построга казнена политика, односно казна затвор од најмалку десет години. Истиот закон е донесен во јануари 2026 година.[13]

Согласно Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење и известување и оценување на секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, во 2025 година Националната комисија достави Информација до Владата за потребата од изготвување на **нова Национална стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Акциски план за борба против трговија со деца за период 2026-2030,** врз основа на која Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи да формира работна група за изработка на новите стратешки документи во текот на 2026 година.

Во текот на 2025 година продолжи да се применува Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, рехабилитација, реинтеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри и потребна документација за Центар за дневен престој,[14] во согласност со Законот за социјална заштита. Ова се однесува на **Центарот за жртви на трговија со луѓе** како основа за донесување на Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2025 година. Со оваа Одлука предвидена е цена на чинење на услуга за привремен престој во Центарот за жртви на трговија со луѓе, согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга.[15]

На 24 јануари 2025 година, Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ реализираше работна посета на министерот за социјална политика, демографија и млади, при што беше потпишан **Договор за управување со Прифатилиштето и обезбедување психосоцијална поддршка** во текот на 2025 година, со што дополнително се формализира институционалната соработка во обезбедувањето услуги за жртвите на трговија со луѓе.

---

[12] „(4) Ако поради делото од ставот (3) на овој член настапила тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на дете или дете се оддало на питање, проституција или други облици на асоцијално однесување, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку десет години.“

[13] **„Службен весник на РСМ“ бр.16 од 28.01.2026 г.**

[14] Службен весник на РСМ, бр. 91/21.

[15] Службен весник на Република Северна Македонија бр.264/19.

Министерството за образование и наука согласно Законот за основно образование[16] и Законот за средно образование[17] донесе **Правилник за начинот на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.** Со правилниците се уредува постапувањето при случаи на насилство, злоупотреба и занемарување на ученици во основното и средното училиште, како и механизмите за нивно навремено пријавување и соодветна заштита.

Во мај 2025 година, со поддршка на Националната комисија, беше **потпишан Меморандум за соработка помеѓу Министерство за внатрешни работи и Отворена порта/Ла Страда,** со кој се воспоставува формализирана рамка за координација и постапување, итен одговор, информации и советување во случаи на исчезнати деца, вклучително и случаи со елементи на трговија со луѓе и експлоатација. Меморандумот ги утврдува надлежностите, обврските и механизмите за размена на информации и меѓуинституционална координација и произлегува од националната законска рамка за заштита на децата, кривично-правната регулатива и стратешките документи за борба против трговија со луѓе, како и од преземените меѓународни обврски на државата. Со ова се воспоставува институционализирана основа за функционирање на **Европската телефонска линија за исчезнати деца - 116 000**, во согласност со принципот „ист број – иста услуга“ на Европска комисија и европските стандарди за заштита на децата. Дополнително, членството во Missing Children Europe овозможува усогласување со прекуграничните протоколи и европските механизми за координација во случаи со транснационален елемент.

1.3 Меѓународна соработка

Во текот на 2025 година продолжија активностите на државата за учествуво во меѓународните и регионалните механизми за соработка поврзани со управувањето со миграцијата и борбата против криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе. Земјата ја одржа својата ангажираност во глобалните иницијативи насочени кон сузбивање на транснационалните криминални мрежи, со учество во регионални програми и заеднички оперативни активности поддржани од Европската Унија и меѓународни организации, кои опфаќаат размена на информации, зајакнување на институционалните капацитети и координирани акции. Истовремено, институциите на државата придонесуваа во регионалните платформи за правосудна и безбедносна соработка, со што се потврдува континуитетот на меѓународното вмрежување и усогласеноста со европските приоритети во справувањето со илегалната миграција и поврзаните форми на организиран криминал.

[16] pravilnici-mon-file-sUUF.pdf 18-9670/1 од 07.07.2025 година
[17] правилник-за-начинот-за-пријавување-и-заштита-на-ученик-жртва-на-која-било-од-формите-на-насилство-злоупотреба-и-занемарување-МОН.pdf 18-10074/2 од 17.07.2025 година

- ***<u>Мониторинг и евалуација на спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа</u>***

На 2 април 2025 година во Скопје, во организација на експертското тело на Советот на Европа – **Групата на експерти за борба против трговија со луѓе (ГРЕТА)**, беше одржана Тркалезна маса на која учествуваа 25 претставници од релевантни владини институции и организации од граѓанското општество. На настанот се дискутираше за прогресот во имплементацијата на препораките од Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (Конвенцијата на Советот на Европа), со фокус на препораките дадени во третиот круг на евалуација. Во рамки на дискусиите беа разгледани прашања поврзани со правната поддршка на жртвите, пристапот до бесплатна правна помош и компензација, како и мерките за спречување на трудовата експлоатација.

На 20 јуни 2025 година во Стразбур, Франција, контакт точката за борба против трговија со луѓе со Советот на Европа учествуваше на **36-тиот состанок на Комитетот на страните на Конвенцијата на Советот на Европа**. На состанокот беа презентирани активностите од страна на РСМакедонија во насока на имплементација на препораките на ГРЕТА, кои ги има преземено во периодот на времетраење на третата Евалуација. По презентирањето на преземените активности, беа упатени позитивни коментари кон нашата држава, при што беше истакната посветеноста на земјата за натамошно продлабочување на соработката и спроведување на препораките. Со овој состанок формално беше заокружен третиот евалуациски круг, по што во **јули 2025 година беше доставен нов прашалник**, кој се однесува на четвртиот круг на евалуација. Прашалникот беше фокусиран на ранливостите на жртвите, мерките што државите ги преземаат за превенција, рана идентификација, заштита и поддршка на жртвите, како и кривично гонење и санкционирање на сторителите. Посебен акцент беше ставен и на употребата на информациските технологии, и нови предизвици во однос на регрутирањето и експлоатацијата на потенцијалните жртви. Прашалникот беше одговорен во дадениот рок и доставен до ГРЕТА во октомври 2025 година.

Во периодот од 1 до 5 декември 2025 година, Националната комисија беше домаќин на **четвртата евалуациска посета** на **ГРЕТА**. Целта на посетата беше размена на информации и добри практики во однос на спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа, како дел од редовниот процес на евалуација кој се спроведува на секои четири години. По спроведената посета, ГРЕТА ќе изготви драфт извештај, кој ќе претставува сублимат на доставените одговори на прашалникот и наодите од теренската посета.

Нацрт извештајот се очекува да биде доставен во 2026 година, по што ќе следи процес на усвојување, кој се очекува да биде финализиран во ноември 2026 година. По неговото усвојување ќе бидат дадени нови препораки за

надминување на утврдените забелешки со цел понатамошно унапредување на системот за борба против трговија со луѓе.

- ***Мрежа на Координатори за борба против трговијата со луѓе***

Во 2025 година, Северна Македонија активно учествуваше во работата на Мрежата на национални координатори за борба против трговија со луѓе во Југоисточна Европа Network of Anti-trafficking Coordinators in South-East Europe (NATC SEE), преку учество на клучните состаноци и стратешки процеси на Мрежата. Во својство на Секретаријат на NATC SEE, ICMPD обезбеди поддршка на претседавачот (Словенија) и на членовите на Мрежата во изработката на **Стратешкиот документ на NATC SEE за периодот 2025–2029**, кој ги одразува главните предизвици и приоритети во националните одговори на трговијата со луѓе. Поддршката на ICMPD, вклучително преку дискусионен документ за предизвиците во справувањето со трговија со луѓе во контекст на нерегуларни миграциски текови, придонесе Министерите за внатрешни работи на Брдо процесот да ја усвојат Заедничката декларација и да го одобрат новиот Стратешки документ на NATC SEE, кој ќе ги води напорите на Мрежата за унапредување на соработката и размена на добри практики во регионот.

Ден по министерскиот состанок, на 27 март, **Мрежата на национални координатори за борба против трговија со луѓе на Југоисточна Европа** го одржа редовниот состанок во Брдо при Крањ, Словенија. На состанокот беше усвоена новата Стратегија за работа за период 2025-2029 година која се фокусира на зајакнување на стратешката и оперативната соработка во регионот, заеднички превентивни кампањи за подигање на свеста, заеднички инспекции на терен и заедничко решавање на конкретни прекугранични случаи. На состанокот учествуваа 21 координатор и номинирани релевантни институции и меѓународни експерти.[18]

Дополнително, со свои претставници учествуваше и на **20-тиот состанок на NATC SEE,** одржан на 13–14 ноември во Сараево, Босна и Херцеговина, кој беше посветен на размена на искуства и добри практики во справувањето со случаи на трговија со луѓе заради трудова експлоатација, со посебен фокус на странски државјани. Преку учеството во овие состаноци, Северна Македонија остана активно вклучена во регионалната соработка и координација во рамките на NATC SEE.

Активно учествуваше и во истражувачките активности во рамките на проектот Preventing Secondary Irregular Migration Movements to the EU

[18] На состанокот од Северна Македонија учествуваа Заменик Националниот координатор за трговија со луѓе и член Националната комисија како и претставници од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Косово*, Молдавија, Црна Гора, Романија и Словенија.

(PSIMM), имплементиран од ICMPD[19]. Истражувањето беше насочено кон анализа на системите за регрутација, проверка и вработување на државјани на трети земји, со цел идентификација на системски празнини и ризици кои можат да придонесат за секундарни миграциски движења кон Европската Унија. Во рамките на проектот е предвидена презентација на компаративниот регионален извештај и заедничко утврдување на националните приоритети што ќе бидат вклучени во регионалниот патоказ (Roadmap) за унапредување на координирани и отпорни системи за трудова миграција.

Северна Македонија е активен учесник во Заедничката акција за зајакнување на системите за управување со враќањето во Западен Балкан[20], во партнерство со ICMPD, IOM, FRONTEX и JCP, како и конзорциум од земји-членки на ЕУ предводен од Холандија. Целите на акцијата се: зајакнување на институционалните системи и капацитети за право-базирани операции за враќање, унапредување на соработката со земјите на потекло и подобрување на пристапот на мигрантите до информации и поддршка пред и по враќањето. Акцијата е усогласена со политиката на ЕУ за проширување, ЕУ Акциониот план за Западен Балкан и IPA III рамката за програмски активности.

На 6–7 октомври во Брисел беше организиран kick-off настан, каде беше претставен **Генералниот Роадмап за враќање**, кој предвидува подготовка на индивидуални патокази за сите земји од Западен Балкан, вклучително и за Северна Македонија во 2026 година. Роадмапот опфаќа интер- и интра-агенциска соработка, обука, соработка со земјите на потекло, мониторинг на враќањето, дигитализација и оптимизација на законските и процедурни рамки за координиран и право-базиран процес на враќање.

На 6–7 ноември во Белград, Република Србија, Националниот координатор за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, учествуваше на Меѓуминистерската конференција „Миграција на работна сила во рамките на Централноевропската иницијатива (CEI): Безбедни патеки и одржлив пазар на трудот“. Во рамки на конференцијата, Националниот координатор зеде учество како говорник на панелот на националните координатори за борба против трговијата со луѓе, посветен на темата „Трговија со луѓе и трудова експлоатација во контекст на трудова миграција“, заедно со националните координатори на Србија и Словенија и претставници на релевантни институции за заштита и поддршка на жртвите.

На 11 јуни во Св. Џулијанс, Малта, се одржа во рамки на претседателството на Малта со Комитетот на министри на Совет на Европа на тема “„Зајакнување на промените: технологија и вештачка интелигенција во борбата против луѓето трговија со луѓе“. На конференцијата учество земаа две претставнички од Македонија, (Заменик Националниот координатор и член на Националната

[19] Во процесот беа вклучени релевантни национални институции, вклучително Министерството за внатрешни работи, Државниот инспекторат за труд, Агенцијата за вработување и Министерството за социјална политика, демографија и млади.

[20] Акцијата опфаќа Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

комисија). На конференцијата се разговараше на теми поврзани со можностите и предизвиците за користење на вештачката интелигенција и технолошките алатки за да се спречи трговијата со луѓе, да се идентификуваат и да им се помогне на жртвите. Се отвори и прашањето за зајакнување на одговорот на кривичната правда, преку подобро искористување на постоечките алатки како и зајакнување на соработката со приватниот сектор.

Во периодот 7–8 април во Будва, Црна Гора, македонска делегација предводена од Националениот координатор за борба против трговијата со луѓе, учествуваше на Годишниот состанок на Ударните групи од регионот на Западен Балкан и Националните координатори за борба против трговијата со луѓе. Настанот беше организиран од Меѓународната организација за миграција (ИОМ)[21]. Состанокот имаше за цел да обезбеди платформа за стратешка дискусија и размена на искуства во однос на предизвиците и трендовите долж Западнобалканската рута, како и идентификација на области за понатамошно зајакнување на регионалната соработка.

❖ ***<u>Останати меѓународни активности</u>***

- **Канцеларија на Обединети Нации за дрога и криминал (УНОДЦ)** организираше 7 регионални конференции и обуки за различни тематски прашања поврзани со трговија со луѓе и криумчарење на мигранти како дел од Регионалната иницијатива за трговија со луѓе во Југоисточна Европа. Подолу наведените активности беа спроведени со поддршка од Комисијата:
  - 26–27 март, Дубровник, Република Хрватска – Регионална конференција „Справување со трговијата со луѓе за сексуална и трудова експлоатација во Југоисточна Европа: предизвици, добри практики и улогата на современата технологија“ – Конференцијата имаше за цел да обедини клучни засегнати страни од земјите на потекло, транзит и дестинација во ЈИЕ и ЕУ за анализа на тековните предизвици, новите трендови и улогата на технологијата во превенција и спречување на трговијата со луѓе. (Вкупно 40 учесници, од кои 1м претставник од Северна Македонија).
  - 23–24 април, Букурешт, Романија – Регионален состанок на експертска група (REGM) „Влијанието на војната во Украина врз трговијата со луѓе во Југоисточна Европа, со фокус на нелегално посвојување и експлоатација преку сурогатство“ – Настанот беше насочен кон зајакнување на координиран регионален одговор и унапредување на идентификацијата и заштитата на жртвите погодени од конфликтот во Украина, во согласност со Протоколот за трговија со луѓе и релевантното ЕУ и национално законодавство. (Вкупно 40 учесници, од кои 1м претставник од Северна Македонија).

[21] во рамки на регионалниот проект „Заеднички активности на земјите од регионот на Западен Балкан против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе (WBJAST)“, финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралството Данска

- 3–4 јуни, Тирана, Република Албанија – Регионална работилница „Справување со доказните предизвици при истражување на случаи на трговија со луѓе во Југоисточна Европа“ – Работилницата имаше за цел да ги зајакне капацитетите на органите за спроведување на законот за собирање, анализа и презентирање докази во сложени и транснационални случаи, со примена на пристап насочен кон жртвата. (Вкупно 43 учесници, од кои 2ж претставници од Северна Македонија).
- 18–19 јуни, Сараево, Босна и Херцеговина – Регионален состанок на експертска група (REGM) „Скриени жртви, видливи кривични дела: справување со случаи на трговија со луѓе со цел извршување на кривични дела во Југоисточна Европа“ – Настанот беше фокусиран на унапредување на разбирањето и спречување на криминализацијата на жртвите принудени да извршуваат кривични дела, преку промовирање пристап заснован на човекови права и зајакнување на регионалната соработка. (Вкупно 42 учесници, од кои 1м претставник од Северна Македонија).
- 12–13 ноември, Скопје, Република Северна Македонија – Регионална конференција „Унапредување на прекуграничната соработка на националните механизми за упатување во контексти на раселување и мешани миграциски текови“ – Конференцијата имаше за цел зајакнување на координиран регионален одговор и унапредување на прекуграничната соработка на Националните механизми за упатување, особено во контекст на раселување и мешани миграциски текови. (Вкупно 59 учесници, од кои 19 од Северна Македонија – 16м и 3ж).
- 3–4 декември, Будва, Црна Гора – VI Регионален форум за судска соработка во кривични прашања „Меѓуинституционален и меѓународен одговор на трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти“ – Форумот беше насочен кон зајакнување на капацитетите на обвинителите и органите за спроведување на законот за истражување и гонење на прекугранични случаи преку унапредување на меѓународната правна помош и оперативната координација. (Вкупно 33 учесници, од кои 2ж претставници од Северна Македонија).
- 17–18 декември, Скопје – Регионален состанок на експертска група (REGM) „Разгледување на меѓусебната поврзаност помеѓу трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти: предизвици, дигитална поддршка и заштита на жртвите“ – Настанот имаше за цел унапредување на разбирањето на преклопувањето помеѓу двете кривични дела, подобрување на идентификацијата и заштитата на жртвите и зајакнување на прекуграничната соработка. (Вкупно 64 учесници, од кои 31 од институциите и организациите од Северна Македонија – 8м и 23ж).

- **Во текот на 2025 година, во рамките на проектот „ЕУ поддршка за зајакнување на борбата против криумчарењето мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан (EU4FAST)“, имплементиран од ГИЗ,** беа реализирани повеќе регионални и меѓународни активности насочени кон

јакнење на институционалната соработка, размена на искуства и унапредување на професионалните капацитети:

- 28 октомври во Тирана, Албанија, беше одржана регионална конференција Зајакнување на соработката и споделување на најдобрите практики помеѓу Западен Балкан и државите-членки на ЕУ за спречување на присилно просење и трговија со луѓе. Конференцијата беше фокусирана на унапредување на координацијата помеѓу полицијата, обвинителствата, надлежните институции, граѓанските организации, како и меѓународните партнери, вклучително Европол и EMPACT. Особено внимание беше посветено на прашања поврзани со заштитата на децата, истражните практики и механизмите за упатување на жртви. На настанот учествуваа вкупно 43 учесници, од кои 29 жени и 14 мажи.
- 25 јуни, во Скопје, се одржа првата средба на регионалната мрежа на истражители за криумчарење мигранти и трговија со луѓе „Нови трендови и истражни контрамерки за борба против криминални групи вклучени во криумчарење мигранти и трговија со луѓе“. На средбата учествуваа 19 претставници, од кои 5 жени и 14 мажи.
- 9–11 декември во Лион, Франција, проектот обезбеди поддршка и за учество на претставници од Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија на 13-тата глобална конференција на Интерпол за криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Учеството на конференцијата овозможи размена на оперативни искуства и пристап до најнови меѓународни практики во справувањето со овие форми на транснационален криминал.
- 3 и 4 декември во Стокхолм, Шведска, во рамки на активностите за јакнење на обвинителските капацитети, проектот поддржа учество на двајца јавни обвинители од Северна Македонија на Европскиот форум против трговија со луѓе. На форумот беа дискутирани клучните предизвици во борбата против трговијата со луѓе како форма на организиран криминал, со посебен акцент на заштитата на жртвите и меѓуинституционалната координација.
- Дополнително, проектот континуирано ја поддржуваше вклученоста на националните институции во **заедничките акциски денови поврзани со меѓународни истраги за трговија со луѓе и криумчарење мигранти**, обезбедувајќи поддршка во подготвителната, оперативната и фазата на дебрифинг. Овие активности придонесоа кон зајакнување на прекуграничната соработка, координацијата и ефективноста на институционалниот одговор.
- во рамките на поддршката на истраги со прекугранично елемент, проектот EU4FAST организираше и поддржа повеќе оперативни состаноци со надлежни институции од земјите во регионот и Европската Унија. Во тој контекст, беа реализирани работни средби во Република Хрватска на 3 јули во Загреб - на кој присуствуваа тројца мажи и една жена и Република Словенија на 10 јануари во Љубљана - на кој присуствуваше една жена, со цел размена на информации, докази и оперативни сознанија во конкретни предмети од областа на трговија со луѓе.

- 16 декември во Скопје, проектот поддржа одржување на билатерална средба помеѓу јавни обвинители и полициски службеници од Северна Македонија и Република Србија. Средбата беше насочена кон размена на оперативни искуства, идентификација на заеднички предизвици и унапредување на координацијата во постапувањето по предмети поврзани со криумчарење мигранти.
- Во рамките на активностите за поддршка на конкретни истраги, EU4FAST обезбеди и техничка асистенција, вклучително поддршка за превод на релевантна документација и докази во рамки на меѓународна правна помош.
- Дополнително, проектот континуирано ја поддржуваше вклученоста на националните институции во заедничките акциски денови поврзани со меѓународни истраги за трговија со луѓе и криумчарење мигранти, обезбедувајќи поддршка во подготвителната, оперативната и фазата на дебрифинг. Овие активности придонесоа кон зајакнување на прекуграничната соработка, координацијата и ефективноста на институционалниот одговор.

- Претставник на **МЗМП** учествуваше на регионалната конференција во Тирана, EU4FAST – EU Support to Strengthen the Fight against Migrant Smuggling and Trafficking in Human Beings in the Western Balkans, насочен кон јакнење на регионалната соработка и размена на искуства во борбата против трговијата со луѓе.

- **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** реализираше голем број на регионални и меѓународни активности со фокус на превенција на присилен брак, заштита и обештетување на жртви, трудова експлоатација и застапување на жртви. Преку учество и организација на стратешки настани, организацијата придонесе кон размена на добри практики, усогласување со европските стандарди и зајакнување на прекуграничната соработка:
  - 25 февруари, Тирана, Албанија – Регионална работилница во рамки на Decent Work Balkan Coalition (DWB).
  - 10–21 март, Њујорк, САД – Учество на 69-та сесија на Комисијата за статусот на жените при ОН (CSW69).
  - 23 април, Мостар, Босна и Херцеговина – Регионална работилница „Зајакнување на проактивната идентификација и заштита на жртвите на трговија со луѓе во Западен Балкан – улогата на мобилните пристапи за идентификација “, (World Vision International).
  - 13–16 мај, Будва, Црна Гора – Конференција „Е47 – Примена на стандардите на ЕУ за човекови права во постапките за враќање“.
  - Во мај, Хаг, Холандија – претставник на здружението учествуваше во Студиска посета за системот на обештетување на жртви (со поддршка на Совет на Европа).
  - 21 мај, Онлајн форум за финансирање и управување на социјални услуги
  - 9–11 јуни, Приштина, Косово – Регионална конференција за поддршка на жртви (UNDP).

- 12–13 јуни, Варшава, Полска – здружението стана активна членка на Missing Children Europe и учествуваше на Годишна конференција и Генерално собрание на Missing Children Europe.
- 24–25 јуни, Виена, Австрија –„Voices of Resilience“– Глобален форум за преживеани од трговија со луѓе во организација на UNODC.
- 9-13 август, здружението беше домаќин на Студиска посета и национални состаноци со Глобалната алијанса против трговијата со жени (GAATW)
- 10–12 септември, Скопје – Регионална конференција за превенција на присилен брак (во партнерство со La Strada International), со над 70 учесници.
- 11 септември, Скопје, Одбележување на 25 години од работата на здружението
- 17–19 септември, Варшава, Полска – Платформа на невладини организации на La Strada International на настан „30 години борба против трговијата со луѓе во Европа – поддршка на правата на жртвите “.
- 5–8 октомври, Сараево, Босна и Херцеговина – Регионален состанок во рамки на проектот „Safe Haven“.
- 4–6 ноември, Скопје – Регионална конференција за судска поддршка на жртви и сведоци.
- 27–30 октомври, Кишињев, Молдавија – Состанок во рамки на Clean Clothes Campaign, меѓународна мрежа на граѓански организации и синдикати кои работат во насока на зајакнување на работните услови и правата на работниците во глобалната текстилна индустрија.

Во текот на 2025 година, Република Северна Македонија активно учествуваше во над 30 меѓународни и регионални настани, конференции, експертски состаноци и обуки посветени на борбата против трговијата со луѓе, криумчарењето на мигранти и управувањето со миграцијата. Активностите беа реализирани во соработка со Советот на Европа и Европската Унија, ICMPD, UNODC, IOM, GIZ и други меѓународни партнери. Преку овие настани се унапредија националните капацитети, се зајакна регионалната и меѓународната соработка и се овозможи размена на добри практики и искуства во справувањето со овие комплексни предизвици.

2. ПРЕВЕНЦИЈА

2.1 Идентификување на причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција

Согласно сознанијата со кои се располага МСПДМ, добиени преку центрите за социјална работа, мобилните тимови како и Оперативниот тим за формална идентификација на жртви на трговија со луѓе може да се констатира дека состојбата со трговија со луѓе и трговија со деца не е значително променета во поглед на демографската структура на жртвите.

Трговијата со луѓе и илегалната миграција продолжуваат да претставуваат сериозни општествени и безбедносни предизвици на глобално и регионално ниво. Во 2025 година, овие појави се под влијание на економски, политички и социјални фактори, при што најранливи се сиромашните и маргинализираните категории на население.

Според видот на експлоатација, кај идентификуваните жртви и понатаму доминираат сексуалната експлоатација и присилниот брак, додека како ново евидентирана форма на експлоатација се појавува нелегалното посвојување. Дополнителен предизвик во процесот на идентификација претставуваат случаите на присилно питачење, како и трудовата експлоатација на странски државјани.

- Во текот на извештајниот период, **Меѓународната организација за миграции (ИОМ)**[22], во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, Заводот за социјални дејности и со поддршка на Националната комисија, изработи два прирачника со цел зајакнување на капацитетите на центрите за социјална работа за рана идентификација, соодветно упатување и долгорочна поддршка на жртвите:
  - Прирачник за идентификација и упатување на претпоставени и жртви на трговија со луѓе во системот на социјална заштита и
  - Прирачник за поддршка на жртвите во процесот на ресоцијализација и реинтеграција.

  Дополнително, беа изработени и информативни брошури наменети за ранливи категории лица, вклучително и посебни изданија за возрасни и деца, со цел зголемување на информираноста за правата и механизмите за заштита во случаи на трговија со луѓе.

- Со поддршка на **Програмската Канцеларија на Советот на Европа** во Скопје,[23] беа изработени материјали во насока на подобрување на превенцијата, идентификацијата и поддршката во борбата против трговијата со луѓе, и тоа:
  - Публикација, „Проактивни истраги, ефикасно кривично гонење и пресудување на случаи на трговија со луѓе и деца со особен фокус на мигранти во ризик од трговија со луѓе“;
  - Информативно видео, за пристап до државна компензација за жртвите, како и 70 постери на иста тема, изработени на три јазици и дистрибуирани до центрите за социјална работа и подрачните канцеларии на Министерството за правда.

- **Македонското здружение за млади правници (МЗМП)** изготви Анализа на правна рамка за социјални и економски права на ранливи категории странци

[22] во рамки на регионален проект финансиран од Кралството Данска,

[23] Во рамки на Проект на ЕУ и Совет на Европа Хоризонтален инструмент 3 „Јакнење на активностите против трговија со луѓе„ PUBLICATIONS - Council of Europe Programme Office in Skopje

во Северна Македонија, која дава преглед на постојните законски механизми и предизвиците во нивната примена. [24]

- Во текот на 2025 година **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** ги изработи следниве анализи, извештаи и други материјали, меѓу кои:
  - Анализа „Положба и права на жртвите во кривичната постапка“:Анализа на судската практика за 2022 и 2023 година, и Анализа на судската практика за 2024 година. Документите обезбедуваат преглед на судската практика во предмети за трговија со луѓе и сродни кривични дела во периодот 2022–2024 година, со фокус на примената на правата на жртвите, пристапот до правда и судската аргументација. Во рамки на анализите се разработени и три студии на случај кои илустрираат конкретни примери од судската практика. Анализите се подготвени на македонски и англиски јазик;[25]
  - Извештај „Трендови во заштита на жртвите на трговија со луѓе во Србија, Албанија, и Северна Македонијаод 2022 до 2024“, кој обезбедува компаративен преглед на правната заштита, судската практика и функционирањето на институционалните механизми во трите земји, при што се идентификуваат клучните предизвици и напредок во системите за заштитата и поддршката на жртвите.
  - Извештај „Услуги за згрижување на жртви на трговија со луѓе – Мапирање на состојбите во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија“, во кој се системските предизвици во обезбедувањето услуги за згрижување, како и препораки за зајакнување на капацитетите и одржливоста на поддршката за жртвите.
  - Национална Анализа за присилни бракови, која обезбедува сеопфатен преглед на присилните и детските бракови како форми на родово базирано насилство и трговија со луѓе, врз основа на студии на случај, интервјуа со институции и регионални искуства. Како дополнување на анализата беше подготвен и краток преглед на политики (Policy Brief) „Скриена експлоатација: Време е институциите, граѓанскиот сектор и општеството заедно да одговорат“,. кој ги сумира клучните наоди и препораки и дефинира стратешки приоритети за правна и институционална реформа, рана идентификација, ефикасни истраги, сеопфатна поддршка за преживеаните и превенција во заедници со висок ризик.

- Активностите на **ГИЗ (Германско друштво за меѓународна соработка)**[26]**,** беа насочени кон унапредување на политиките и пристапите за управување со миграции и социјална инклузија. Во таа насока беа изработени:

[24] Публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија во рамки на проектот: Инклузија на странците во Западен Балкан- пристап до социјални и економски права (ФОСТЕР). Линк за пристап до анализата: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2025/02/Macedonia_Legal_Analysis-mkd.pdf

[25] (Случај бр. 1, Случај бр. 2 и Случај бр. 3)

[26] во рамки на проектите ПЕМО и СОРИ III (Социјална инклузија на маргинализираните групи на Западен Балкан), со поддршка на стратешкиот партнер НАЛАС (Мрежа на здруженија на локални власти од Југоисточна Европа)

- Policy Paper на НАЛАС, (линк до документ), кој содржи препораки за унапредување на локалните политики и практики за управување со миграции во регионот, со фокус на усогласување со европските стандарди;
- Интерактивна проектна брошура (линк до брошурата) во рамки на проектот ПЕМО, која обединува анализи, видеа записи, публикации, настани и други релевантни проектни материјали, со цел зачувување и дисеминација на проектното знаење.

2.2 Јакнење на капацитетите на стручните и надлежните служби

Во текот на 2025 година беа реализирани бројни обуки, работилници, стручни усовршувања и конференции насочени кон јакнење на капацитетите на професионалците вклучени во превенцијата, идентификацијата, заштитата, истрагата и гонењето на случаи на трговија со луѓе и илегална миграција. Активностите беа спроведени од државните институции, меѓународните организации и граѓанскиот сектор, со фокус на унапредување на интерсекторската координација, примената на пристап фокусиран на жртвата и зајакнување на практичните вештини на стручните служби.

- Во текот на 2025 година, **58 полициски службеници** (15ж/43м)[27] од **МВР**/Бирото за јавна безбедност учествуваа на 34 настани, стручни усовршувања, состаноци, конференции, работилници од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција.
- Во текот на 2025 година, **МСПДМ** во соработка со партнерски институции и организации, спроведе голем број на обуки наменети за институции и организации согласно Националниот акциски план, насочени кон јакнење на капацитетите на стручните служби во системот на социјална заштита, мобилните тимови и други релевантни професионалци за превенција, рана идентификација и соодветна заштита на жртви на трговија со луѓе. Во таа насока, во Ресурсниот центар на Министерството беше одржана обука на тема „Препознавање и превенција од трговија со деца“. Дополнително, во соработка со ИОМ беше реализирана сертифицирана обука за ментално здравје и психосоцијална поддршка, како и дводневна тим-билдинг работилница за членовите на мобилните тимови, насочена кон унапредување на меѓуинституционалната координација и практиките за идентификација и упатување на претпоставени и жртви на трговија со луѓе.
- **Државните инспектори за труд (ДИТ)** во тековната година земаа учество на повеќе обуки, семинари и работилници на тема трговија со луѓе:
  - 21–22 мај во Рим, Италија, работилница на тема „Зајакнување на капацитетите на трудовите инспектори за идентификација и упатување на жртви на трговија со луѓе кои произлегуваат од хуманитарната криза“, организирана од Канцеларијата на Специјалниот претставник и

[27] НЕСКМТЛ, ОГРМ и Регионалните центри за гранични работи, Секторите за внатрешни работи, Секторот за меѓународна полициска соработка.

координатор на ОБСЕ за борба против трговијата со луѓе. На работилницата учество зедоа 5 инспектори (4ж/1м).
- 23–26 септември во Скопје, учество на симулациска обука „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија“, во Центарот за обука на полицијата, на која учество зеде 1 инспектор (жена).
- 17–18 декември во Скопје, беше одржана Регионална конференција на тема „Поврзаност меѓу трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти: предизвици, улогата на дигиталните алатки и заштита на жртвите“, организирана од UNODC, на која учество зеде 1 инспектор (жена).
- Државниот инспекторат за труд преку свој претставник активно учествуваше во работата на Управниот комитет на проектот на Европската Унија и Советот на Европа „Зајакнување на активностите против трговијата со луѓе во Северна Македонија“.

- **Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев,“** во тековната 2025 година, во соработка со неколку проекти организираше настани од областа на трговија со луѓе и илегална миграција на која учествуваа вкупно 76 учесници[28] (56ж/20м) на следните теми:
  - „Меѓународна заштита на бегалци“ со вкупно 39 учесници (9 судии, 5 јавни обвинители, 9 стручни соработници и 16 претставници од други релевантни институции.
  - „Управување со судниците кај случаи на транснационален организиран криминал“ со вкупно 29 учесници (18 судии и 11 јавни обвинители)
  - „Јакнење на пристапот фокусиран на жртвите во истрагите, гонењето и судењето на случаите на трговија со луѓе“ со вкупни 8 учесници (4 судии, 1 јавен обвинител и 3 стручни соработници)

- Во текот на 2025 година, **ИОМ**[29] спроведе повеќе обуки и активности насочени кон јакнење на капацитетите на институциите за спроведување на законот и управување со миграциските текови:
  - 21–22 јануари, Гевгелија и 23–24 јануари, Скопје – Беа организирани две обуки за Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца-странци, водени од Заводот за социјални дејности. Вкупно учествуваа 45 претставници[30] (29ж/16м). Обуките беа насочени кон унапредување на процедурите за идентификација, проценка на ризик и обезбедување заштита на непридружувани малолетни лица.
  - 4–5 и 6–7 февруари, Скопје – Беа реализирани две дводневни обуки на тема „Истраги во областа на организираниот криминал“, со учество на 23 полициски службеници (1ж/22м). Обуката беше фокусирана на

[28] 31 судија (25ж/6м), 17 јавни обвинители (9ж/8м), 12 стручни соработници (11ж/1м) и 16 претставници на други институции (11ж/5м)
[29] Во рамки на проект понатамошна поддршка за зајакнување на капацитетот за одговор за управување со миграциските текови во Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, и во рамките на регионалниот проект финансиран од Кралството на Данска
[30] од МВР, Министерството за социјална политика, ИОМ, УНХЦР и Црвениот крст

унапредување на истражните техники, размена на оперативни искуства и справување со сложени форми на прекуграничен криминал.

- 10–13 февруари, Република Словенија – Беше организирана студиска посета од областа на медицинската и психосоцијалната поддршка на мигранти и бегалци, со учество на 8 претставници (5ж/3м)[31].
- 14–15 април, 28–29 април и 9 мај, во соработка со Министерството за социјална политика демографија и млади беше реализирана сертифицирана обука на тема „Ментално здравје и психосоцијална поддршка“ за претставници од мобилните тимови, социјални работници и претставници од невладиниот сектор. Обуката траеше 40 часа и се одржа во повеќе сесии на кои Вкупно учествуваа 32 лица (29ж/3м). Програмата беше насочена кон препознавање на психолошките последици кај жртвите, обезбедување првична психосоцијална поддршка и правилно упатување кон институционални услуги за долгорочна помош, реализирана од страна на Институтот за обуки -Гешталд;
- Мај 2025 година – Беа одржани две еднодневни работилници за службеници од Фронтекс и граничната полиција вкупно 45 учесници (7ж/38м), насочени кон идентификација и упатување на ранливи категории лица, вклучително и претпоставени и жртви на трговија со луѓе.
- 12–13 јуни, со поддршка на Министерството за социјална политика демографија и млади беше реализирана дводневна тим-билдинг работилница за членовите на петте мобилни тимови за идентификација и упатување на ранливи категории лица. На работилницата учествуваа 22 лица (16ж/6м). Активноста беше насочена кон подобрување на меѓуинституционалната координација, размена на искуства од теренската работа и унапредување на заедничките процедури при идентификација и упатување на претпоставени и жртви на трговија со луѓе.
- Во Куманово и Гевгелија во Регионален центар Север и Регионален центар Југ – Во рамките на проектот беа организирани две дводневни обуки за полициски службеници од граничната полиција. На обуките учествуваа вкупно 38 полициски службеници (16ж/22м). Активноста беше насочена кон зајакнување на капацитетите за идентификација и упатување на ранливи категории лица, вклучително претпоставени и жртви на трговија со луѓе, ранливи мигранти и непридружувани деца-странци, како и унапредување на координацијата со надлежните институции.
- Во рамки на регионална иницијатива беше реализирана национална обука за користење на напредни технологии и спроведување дигитални истраги во насока на сузбивање на кривичните дела трговија со луѓе и криумчарење на мигранти со примена на иновативни дигитално-форензички алатки и методи на која учествуваа 12 учесници (1ж/11м).
- Беше обезбедена техничка опрема за Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, со цел зајакнување на капацитетите за дигитални истраги како и техничка опрема на Комисијата

[31] од Министерството за здравство и Министерството за социјална политика демографија и млади

за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство со цел да ги зајакне капацитетите на Комисијата во извршување на своите активности.

- Преку **Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје**, во рамки на Проект на ЕУ и Совет на Европа Хоризонтален инструмент 3 „Јакнење на активностите против трговија со луѓе“[32] во 2025 година беа реализирани следниве активности и обуки:
  - 27–28 февруари, Скопје – Во Ресурсниот центар на Министерството за социјална политика демографија и млади, беше одржана основна обука на тема „Препознавање и превенција од трговија со деца“. На обуката учествуваа 22 стручни лица (20ж/2м), психолози, социјални работници и педагози од групни домови, центри за поддршка на згрижувачки семејства и јавна установа за деца со воспитно-социјални проблеми во СОС Детско село. Обуката беше насочена кон препознавање на индикаторите за ризик, проценка на потребите на децата, техники за соодветен пристап и интервенција, како и спречување на повторна виктимизација.
  - 8–9 мај, Обука за судската пракса на Европскиот суд за човекови права во однос на трговија со луѓе и парична компензација, наменета за адвокати и претставници на невладини организации кои обезбедуваат правна помош на жртвите на трговија со луѓе – 25 учесници (16ж/9м);
  - 12–15 мај, Студиска посета за Комисијата за пристап до компензација за жртви на насилни злосторства, судии и други – 5 учесници (3ж/2м);
  - 10–11 јуни, GRETA Конференција за вештачка интелигенција и дигитална технологија – 2 учесници (2ж);
  - 12–13 јуни, обука за бесплатна правна помош и пристап чувствителен кон жртвите, наменета за адвокати – 15 учесници (9ж/6м);
  - 23–26 септември, Обука базирана на симулација за кривични истраги и постапки фокусирани на жртвата, наменета за службени лица од органите на прогонот, обвинители, судии, адвокати и други професионалци од Македонија, БиХ и Србија – 71 учесник (48ж/23м);
  - 26 ноември, Информативно/едукативни сесии и материјали за спречување на трговија со деца, наменети за ученици, родители и наставници – 18 учесници (8ж/10м);
  - 9 декември, Работилница по повод Неделата за борба против трговија со луѓе и Меѓународниот ден на човекови права – 21 учесник (17ж/4м);
  - 16 декември, Работилница за комуникација на случаи на трговија со луѓе во јавноста на начин ориентиран кон жртвата и родово сензитивен пристап – 18 учесници (10ж/8м).

- **Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал (УНОДЦ)** во рамките на проектните активности реализираше неколку активности и тоа:
  - 11–13 март, Белград, Република Србија – Регионална обука „Системска анализа и планирање на разбивање на мрежи за криумчарење на мигранти, трговија со луѓе и трговија со дрога по должината на Балканската рута“ –

[32] Во рамки на проектот беа одржани 2 Управни одбори на 21 април и 28 ноември, 34 учесници (28ж/6м)

Обуката имаше за цел зајакнување на аналитичките и истражните капацитети на органите за спроведување на законот и обвинителите за мапирање, нарушување и процесуирање на организирани криминални мрежи, со унапредување на меѓуинституционалната и меѓународната соработка. (Вкупно 37 учесници (1ж/4м)[33]

- 4–5 ноември, Сараево, Босна и Херцеговина – Регионална обука „Напредни техники на сајбер-истраги во технолошки олеснета трговија со луѓе за сексуална експлоатација во Западен Балкан и Украина“ – Обуката беше насочена кон зајакнување на капацитетите на органите за спроведување на законот и правосудните органи за истрага и гонење на технолошки олеснета трговија со луѓе преку примена на напредни сајбер-алатки, OSINT техники, управување со електронски докази и следење на финансиски текови. (Вкупно 26 учесници, од кои 2ца од Северна Македонија (1ж/1м)[34]

- **ГИЗ во рамки на Проектот ЕУ4ФАСТ** поддржува активности насочени кон зајакнување на институционалните капацитети и поддршка на истраги водени од ОЈО ГОКК, во контекст на борбата против криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе. Во таа насока одржани се повеќе активности:
  - 10–28 март, беше реализиран е-курс на тема управување со миграции на локално ниво, структуриран во три тематски модули кои ги опфатија локалната миграциска динамика, релевантните политики и пристапите базирани на човекови права (инфо линк). На обуката учествуваа вкупно 35 професионалци од единици на локалната самоуправа од земјите членки на НАЛАС, од кои 2 претставници (мажи) од општини во Северна Македонија[35].
  - 13–15 мај, на граничниот премин Табановце, беше реализирана тактичка обука за проверка на возила и гранични контроли, спроведена од експерти на Германската федерална полиција. На обуката учествуваа 15 полициски службеници, а активноста беше фокусирана на унапредување на процедурите за гранични проверки, примена на современи технички средства и препознавање на индикатори за потенцијална трговија со луѓе, со акцент на пристап фокусиран на жртвата.
  - 23–26 септември, во Центарот за обука на полицијата во Идризово, беше реализирана повеќеагенциска Обука преку симулација за постапување во случаи на трговија со луѓе, која вклучуваше и симулација на судска постапка (moot trial). На обуката учествуваа 39 претставници (30ж/9м) од релевантни институции и организации. Активноста беше организирана во соработка со Советот на Европа и Фондацијата René Cassin и беше насочена кон унапредување на практичните вештини, заштита на правата на жртвите и меѓуинституционална координација.

[33] 2 службеници за гранична контрола (РССР), 1 истражител за криумчарење мигранти, 1 истражител за трговија со дрога и 1 обвинител

[34] Претставници од МВР и Основното јавно обвинителство

[35] Во рамки на обуката беше спроведена проценка на знаењата пред и по завршување на курсот, при што 15 учесници го постигнаа утврдениот праг на успешност и добија сертификат за успешно завршена обука.

- 25–28 ноември, на граничниот премин Табановце, беа одржани две последователни сесии на обуки за заеднички гранични патроли, на кои учествуваа 32 полициски службеници (мажи). Обуките беа насочени кон зајакнување на прекуграничната соработка, оперативната координација и усогласување на заедничките процедури за гранична контрола.
- 27–28 ноември во Мавровo беше одржана повеќеагенциска работилница за зајакнување на регулаторната рамка за борба против трговијата со луѓе, на која учествуваа 17 претставници (10ж/7м). Работилницата резултираше со конкретни препораки за унапредување и усогласување на националното законодавство со современите европски стандарди.
- 8–11 април, во близина на Виена, Австрија, беше реализирана специјализирана работилница за развој на визија и управување со стрес за јавни обвинители од ОЈО за ГОКК. На активноста учествуваа 6 обвинители (5ж/1м), а истата беше насочена кон зајакнување на индивидуалната отпорност на стрес, унапредување на механизмите за справување со професионален притисок и поддршка на професионалното функционирање во сложени предмети.
- Во текот на 2025 година, проектните активности беа насочени и кон теренска институционална поддршка, при што беа реализирани работни посети на Основното јавно обвинителство во Гостивар (5 јуни), Основното јавно обвинителство во Тетово и Мобилниот тим во Тетово (25 ноември). Посетите беа фокусирани на анализа на локалните трендови, унапредување на координацијата и идентификација на оперативните предизвици во постапувањето по случаи на трговија со луѓе и сродни кривични дела.

➢ Со поддршка на UNHCR, во текот на 2025 година беа обучени голем број на лица од релевантни институции во областа на заштита на деца и ранливи категории лица во миграциски движења, преку следниве активности:
- Две регионални работилници во Гевгелија и Скопје на тема „Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца странци и ранливи категории лица странци (СОП за НДС/РКЛС)“, со вкупно 36 учесници (25ж/11м)[36];
- Четири регионални обуки за заштита на децата, спроведени во Скопје, Битола, Гостивар и Штип, наменети за судии, јавни обвинители и адвокати, во соработка со Академија за судии и јавни обвинители и ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје. Обуките беа насочени кон јакнење на капацитетите за постапување во случаи што вклучуваат деца во миграциски контекст и потенцијални жртви на трговија со луѓе.
- Обука за стручни лица од центрите за поддршка на згрижувачи, одржана во декември 2025 година од страна на UNICEF, во координација со UNHCR, со фокус на работа со непридружувани деца.

[36] Работилниците беа реализирани, од центрите за социјална работа и организациони единици на МВР надлежни за постапување со деца странци и други ранливи лица. Целта беше унапредување на примената на СОП за НДС/РКЛС, усвоени од Владата во август 2024 година.

- На 16 декември 2025 година во Скопје, **Македонското здружение на млади правници (МЗМП)**[37] организираше настан на тема „Трудова миграција, легални патишта и заштита на правата на странските работници во Република Северна Македонија“ со поддршка на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, посветен на прашања поврзани со управувањето со трудовата миграција, судската практика, потребите на пазарот на труд и механизмите за заштита на правата на странските работници, со посебен акцент на превенцијата од трговија со луѓе и трудова експлоатација. На настанот учествуваа 25 учесници (21ж/4м).
- Во текот на 2025 година, **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** реализираше активности насочени кон јакнење на професионалните капацитети, унапредување на заштитата на жртвите и застапување на нивните права, при што во текот на годината беа реализирани 20 индивидуални сесии за супервизија и советување за персоналот во прифатилиштето, како и повеќе национални и меѓународни обуки, вклучително и три еднодневни обуки за личен развој, комуникациски вештини со учество на 14 професионалци, како и:
  - 27 јануари – 21 февруари – Претставник на здружението учествуваше на 41-от онлајн курс за меѓународно бегалско право, со фокус на меѓународна заштита, правата на бегалците, трговија со луѓе и криумчарење мигранти.
  - 25 март 2025 година – Беше одржана национална работилница „Превенција и заштита на жртви на присилни бракови како форма на експлоатација“, со учество на 21 претставник (19ж/2м) од релевантни институции и организации. Целта беше презентирање на прелиминарни наоди и прибирање препораки од практичари од терен.
  - 14-15 април, 28–29 април и 9 мај – Двајца претставници учествуваа на специјализирана обука за ментално здравје и психосоцијална поддршка, организирана од ИОМ.
  - 23 мај, Скопје – Се одржа Националниот форум „Положба и права на жртвите во кривичната постапка“, на кој учествуваа повеќе од 30 претставници од институции, судството, обвинителството, органите на прогонот, граѓанскиот сектор и академската заедница. Беа презентирани наодите од анализа на судската практика за периодот 2022–2024 година[38], заснована на 24 судски пресуди.
  - 12–13 јуни – Двајца претставници учествуваа на тимбилдинг работилница за мобилни тимови, насочена кон унапредување на координацијата меѓу

[37] во рамки на проектот FOSTER, финансиран од Европската Унија на кој учествуваа претставници на Националната комисија, Министерството за внатрешни работи, Државниот инспекторат за труд, Основниот кривичен суд, Агенцијата за посредување при вработување, Сојузот на работодавачи и организации од граѓанскиот сектор

[38] Истите наоди беа презентирани и на национални форуми во Белград (5 јуни 2025 година) и Тирана (25 септември 2025 година).

институциите и граѓанските организации во процесот на идентификација и упатување на ранливи лица.

- 23–26 септември – Претставници на здружението учествуваа на четиридневна симулациска обука за постапување во случаи на трговија со луѓе, која вклучуваше и симулирана судска постапка, со цел унапредување на практичната подготвеност и меѓуинституционалната соработка.
- 16 декември – Претставничка на здружението учествуваше на обука „Етичко и родово чувствително известување за трговијата со луѓе и родово насилство“[39], при што беа споделени теренски искуства и предизвици во медиумското известување.
- 22–23 декември – Беше реализирана обука за јакнење на капацитетите на професионалци во однос на минимални стандарди за засолниште и услуги, со учество на 27 претставнички.
- Во рамки на Застапувачката група, пет преживеани лица учествуваа во консултации за проценка на услугите на прифатилиштето и во евалуацијата на Националната стратегија и Акцискиот план (2021–2025), давајќи препораки за подобрување на пристапот и квалитетот на услугите. Две преживеани лица беа дополнително вклучени во активности за развој на комуникациски и застапувачки вештини, со почитување на принципите на доброволност, безбедност и заштита на идентитетот.

➢ **Здружението „За среќно детство“** се вклучи со експерт како обучувач во повеќе обуки реализирани во соработка со национални и меѓународни партнери, насочени кон јакнење на капацитетите на професионалците и идните стручни кадри во областа на борбата против трговија со луѓе.

- на 27 и 28 февруари 2025 година беше реализирана обука на тема „Препознавање, превенција и соодветно постапување со случаи на трговија со луѓе и трговија со деца “[40]. Обуката беше наменета за вработени во мали групни домови, СОС Детско село и ЦСР. Опфатени беа 24 лица (22ж/2м) од оперативно и средно ниво.
- На 9–10 мај и 12–13 јуни 2025 година, беа реализирани две специјализирани обуки за адвокати на тема „Пристап сензитивен на жртви на трговија со луѓе и техники за интервјуирање“[41]. Обучени беа 40 адвокати (25ж/15м), со цел јакнење на капацитетите на професионалците вклучени во системот на бесплатна правна помош за обезбедување правна и практична поддршка на жртви на трговија со луѓе.
- Дополнително, во соработка со Филозофски факултет, Скопје беа реализирани едукативни активности за студенти од Институтот за социјална работа и социјална политика. Основна обука на тема „Трговија со луѓе – причини, ризици и последици“ опфати 28 студенти (18ж/3м).

[39] Организирана од Советот на Европа и Европската Унија, во соработка со ICMPD

[40] Во организација на ЈУ Завод за социјални дејности, а со поддршка на Совет на Европа Програмската Канцеларија во Скопје

[41] Во рамки на Хоризонталниот инструмент за Западен Балкан и Турција, организиран од Совет на Европа и Европска Комисија

- Во рамки на предметот - Превентивна социјална работа - на Филозофски факултет – Скопје, беше спроведена и обука на тимови за работа со деца на улица, со учество на 15 студенти (12ж/3м), кои се стекнаа со специјализирани знаења за комуникација, идентификација и препознавање индикатори за можна трговија со деца.

Како резултат на реализираните активности за јакнење на капацитетите, преку основни и специјализирани обуки, курсеви и консултативни процеси беа опфатени вкупно 894 професионалци, од кои 546 жени и 348 мажи, што придонесе за унапредување на знаењата и практичните вештини на стручните лица вклучени во системот за борба против трговија со луѓе.

2.3 Подигање на јавната свест и едукација

Во текот на 2025 година беа реализирани повеќе активности за подигнување на јавната свест и едукација на јавноста, особено на младите и ранливите категории на население, за ризиците и појавните форми на трговија со луѓе. Активностите беа спроведени во соработка со институциите, граѓанските организации и меѓународните партнери, преку медиумски кампањи, едукативни настани, работилници, јавни кампањи и активности во образовните институции.

❖ **<u>30 -ти јули – Светски ден за борба против трговија со луѓе</u>**

➢ По повод одбележувањето на Светскиот ден за борба против трговијата со луѓе – 30 јули, **Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција** учествуваше во подготовката на новинарска сторија на Радио Пела, посветена на проблемот на присилните детски бракови како форма на сериозно прекршување на правата на децата, која во одредени околности може да претставува и форма на трговија со деца со цел принуден брак. Активноста беше реализирана со поддршка на Програмската канцеларија на Советот на Европа [42]. Преку оваа медиумска активност беше овозможено информирање на јавноста за ризиците и последиците од присилните бракови врз здравјето, образованието и безбедноста на децата, како и за механизмите за превенција, идентификација и заштита на жртвите. Во рамки на сторијата беа презентирани и активностите што Националната комисија континуирано ги спроведува во насока на препознавање и адресирање на оваа појава преку национални политики, јакнење на институционалните капацитети за идентификација и упатување на жртви, како и активности за подигање на јавната свест, особено во заедниците каде што децата се изложени на зголемен ризик. Активноста придонесе кон

[42] Проектот „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Македонија“во рамки на заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција III (2023–2026)“

подигнување на свеста дека детските бракови не претставуваат традиција, туку сериозен ризик за правата и благосостојбата на децата и бараат координиран институционален и општествен одговор.

- **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** ја започна тримесечната национална кампања за застапување „Јас НЕ се согласувам на присилен брак“, насочена кон подигнување на јавната свест за трговијата со луѓе со цел присилен брак и поттикнување институционална и јавна реакција. Кампањата се темелеше на наодите од Анализата за присилни бракови и имаше за цел да ги оспори штетните општествени норми и да ја поттикне јавната дебата за оваа форма на експлоатација. Во рамки на кампањата беа креирани и споделени повеќе креативни визуелни содржини на социјалните мрежи, како и вкупно седум видео материјали, од кои три видеа прикажуваа реални животни искуства на жртви на присилни и детски бракови. Преку овие содржини беше испратен силен јавен повик за превенција на детските и присилните бракови и за заштита на жртвите. Кампањата ги дисеминираше клучните наоди и препораки од анализата и придонесе кон засилување на гласовите на лицата засегнати од присилни и детски бракови[43].
- **Македонското здружение на млади правници (МЗМП)** преку објава на социјалните медиуми ја истакна потребата од системски и координиран одговор во справувањето со сите форми на експлоатација. Во објавата беше нагласено дека 30 јули претставува потсетник за обврските на државата и надлежните институции да преземаат сеопфатни мерки за превенција, рана идентификација на жртвите, обезбедување соодветна заштита и ефикасно санкционирање на сторителите на кривичните дела на трговија со луѓе.[44]

❖ **Европски ден за борба против трговија со луѓе (18ти октомври)**

- Во рамки на Мрежата на национални координатори од Југоисточна Европа (NATC SEE Network), на состанокот одржан на 27 март 2025 година беше констатирана потребата од поголем фокус на два значајни тренда – појавата на трговија со луѓе овозможена преку сајбер-технологии и континуираното зголемување на бројот на случаи на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Во таа насока, со поддршка на ICMPD и Министерството за внатрешни работи на Република Словенија беше изработено информативно видео со наслов **„Hidden in Plain Sight“**,[45] наменето за користење на социјалните мрежи. Видеото беше преведено и адаптирано на македонски јазик, со вклучени национални телефонски броеви за пријавување на случаи – **112, 192 и СОС линијата 0800 11111**, и беше доставено до Канцеларијата на националниот координатор во Северна Македонија. По повод Европскиот ден

[43] До крајот на октомври, кампањата постигна значителен опфат и ангажман, со повеќе од 1,3 милиони прегледи, над 58.000 интеракции со објавите и повеќе од 903.000 импресии, придонесувајќи кон зголемување на видливоста на проблемот и поттикнување на поширока јавна и институционална реакција во справувањето со трговијата со луѓе и присилните бракови.

[44] Линк за пристап: https://tinyurl.com/tnkwmvr3.

[45] Верзија на видеото е достапна на следниот линк: Hidden in plain sight - EU Anti-Trafficking Day 2025

за борба против трговија со луѓе – 18 октомври, **Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција** ја сподели оваа видео-кампања на националните социјални медиуми со цел подигнување на јавната свест за ризиците и појавните форми на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, како и информирање на јавноста за индикаторите на трудова експлоатација и достапните механизми за пријавување и заштита, со цел поттикнување на рано препознавање на случаите и навремена институционална реакција.

- **Министерството за внатрешни работи**, преку полициските службеници од **Отсеците за превенција** при СВР Куманово и СВР Струмица, реализираше повеќе превентивни активности насочени кон едукација на младите и пошироката јавност со цел одбележување на Европскиот ден. На подрачјето на СВР Куманово беа спроведени 71 превентивна активност на тема „Трговија со деца“ во месни и урбани заедници, училишни дворови и паркови, при што на младата популација им беа поделени 690 информативни флаери „Пријави трговија со деца“. На подрачјето на СВР Струмица, полициски службеници учествуваа на панел-дискусија на тема „Трговија со луѓе“, организирана од ОО Црвен крст Струмица, на која присуствуваа 30 ученици од средните училишта и нивните наставници. На настанот младите имаа можност да се запознаат со појавните форми на трговија со луѓе, начинот на регрутирање на жртвите, фазите на експлоатација, последиците од ова кривично дело и начините за заштита и пријавување.
- **Советот на Европа** изработи илустрирана брошура за превенција на трговија со луѓе со цел присилен брак, наменета за информирање на младите за ризиците и механизмите за заштита од оваа форма на експлоатација.
- **Институтот за јавно здравје (ИЈЗ)**, преку Одделот за здравствена превенција и следење на болести, го одбележа Европскиот ден со подготовка и објавување на стручен информативен материјал на официјалната веб-страница на Институтот, како и на неговите профили на социјалните медиуми. Целта на оваа активност беше подигање на свеста кај јавноста за појавата на трговија со луѓе, како и потенцирање на улогата на здравствените работници во навремено препознавање и идентификација на жртви или претпоставени жртви на трговија со луѓе.
- **Здружението „За среќно детство“организираше** обука за студенти од прва година од четири институти при Филозофскиот факултет – Скопје, на тема „Трговија со луѓе“. На обуката присуствуваа 46 студенти (38ж/8м), а активноста беше насочена кон запознавање на студентите со основните поими, форми и ризици од трговија со луѓе, како и со улогата на идните професионалци во системот на превенција, идентификација и заштита.
- **Црвениот крст на РСМ** преку своите општински организации се вклучи во одбележување на Европскиот ден со превентивни активности насочени кон младата популација. Во таа насока беа организирани 31 работилница со

ученици од основни и средни училишта, како и со волонтери од Клубовите на млади на Црвениот крст, со цел подигање на свеста за ризиците од трговија со луѓе, препознавање на начините на регрутирање и зајакнување на капацитетите на младите за самозаштита. Со овие превентивни активности беа опфатени повеќе од 1175 учесници.

- **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** го одбележа Европскиот ден преку активност за дисеминација и застапување со учество на онлајн вебинарот на *La Strada International* на тема „Експлоатација преку присилен брак“, на кој беа презентирани клучните наоди и препораки од Анализата за присилни бракови, пред повеќе од 50 учесници од граѓански организации, меѓународни организации, јавни институции и практичари од Европа. Во рамки на презентацијата беше укажано на високата застапеност на детски и присилни бракови во ромските и руралните заедници, недоволното институционално пријавување, како и потребата од криминализација на присилниот брак како посебно кривично дело и зголемување на минималната возраст за брак на 18 години без исклучоци, како и значењето на долгорочни услуги за реинтеграција и зајакната превенција на ниво на заедницата.
- На 15 октомври, во пресрет на Европскиот ден за борба против трговија со луѓе, Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција даде поддршка и ја поздрави активноста реализирана од **Драмското студио „Театар за тебе“**, во чии рамки беше изведена театарската претстава „Молкот на Марија Магдалена“. Преку уметнички пристап и сценска интерпретација на теми поврзани со трговијата со луѓе, младите актерки и креативниот тим придонесоа кон подигнување на јавната свест и поттикнување на општествен дијалог за оваа појава, при што активноста ја истакна важната улога на културата и уметноста во превенцијата и едукацијата, особено кај младата популација.

❖ **<u>Недела за борба против трговија со луѓе</u>**

- По повод Неделата за борба против трговија со луѓе во Република Северна Македонија и Меѓународниот ден на човековите права на 9 декември 2025 година, Скопје (х. „Александар Палас“) се одржа настан насочен кон Пристапот до надомест на штета за жртви на трговија со луѓе. Настанот беше организиран од страна на Националната комисија и Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство со поддршка а со поддршка на Програмската канцеларија на Советот на Европа. Целта на настанот беше подигнување на свеста за потребата од заштита на достоинството на жртвите на трговија со луѓе и информирање за механизмите за доделување надомест на штета од страна на државата, како форма на солидарна поддршка за жртвите на кривични дела со насилство, особено за жртвите на трговија со луѓе и деца. Во рамки на настанот беше презентиран и концептот за заштита на правата на жртвите на трговија со луѓе, тековните состојби и потреби, со акцент на унапредување на пристапот до правда и механизмите за компензација.

- 2, 3 и 5 декември во Скопје, Битола и Тетово – Работилници со млади „Излез: Превенција од насилство и трговија со жени и девојки“. Во рамки на оваа недела, **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** реализираше три едукативни работилници со млади лица со цел подигнување на свеста за ризиците од родово базирано насилство и трговија со луѓе. На работилниците учествуваа вкупно 81 учесник (58ж/23м). Активностите беа насочени кон истражување на врската помеѓу родово базираното насилство, трговијата со луѓе и присилните и детските бракови, со акцент на влијанието на системската нееднаквост и штетните родови норми врз зголемената ранливост на жените и девојките. Преку користење на документарниот филм „Излез“ и интерактивен дијалог, учесниците ги продлабочија своите знаења и развија критичко размислување за препознавање, превенција и соодветна реакција на насилството и експлоатацијата.
- **Здружението „За среќно детство“** реализираше едукативни активности насочени кон подигање на свеста и развивање критичко размислување кај студентите за ризиците и последиците од трговијата со луѓе:
  - 9 декември, Скопје – активност на тема „Подигање на свеста и развивање критичко мислење за трговија со луѓе“, во чии рамки беше прикажан филмот „Сестри“, по што следеше дискусија со студентите. На настанот учествуваа 37 студенти (31ж/6м).
  - 17 декември, Скопје – едукативна активност на тема „Препознавање на ризични ситуации и предупредувачки знаци“, во рамки на која беше прикажан филмот „Набљудувачи“, проследен со дискусија за психолошките и социјалните последици кај жртвите на трговија со луѓе. На активноста учествуваа 22 студенти (20ж/2м).

❖ **<u>Останати превентивни активности</u>**

- Од страна на **Отсеците за превенција при Секторите за внатрешни работи** во текот на 2025 година, во содејство со основните и средните училишта, Црвениот крст и невладини организации, одржани се вкупно 42 едукативни предавања (работилници) на тема „Борба против трговија со луѓе и трговија со деца“, со над 750 ученици на возраст од 13 до 18 години.
- Здружението **„Отворена порта/Ла Страда“** во текот на својата работа спроведува и директна работа со децата под ризик, преку посета на училиштата, универзитети и одржување превентивни работилници, форум театри, врсничка едукација, дистрибуција на превентивно едукативен материјал, кампањи, превентивни и едукативни активности помеѓу ранливата популација во училиштата и останатите институции, подобрувајќи го нивното знаење, вештини и способности. Во таа насока беа спроведени:

  <u>Едукативни активности во образовни институции:</u>
  - На 7 март, во пресрет на Меѓународниот ден на жената, во Штип беше одржана едукативна работилница „Запознај ги своите права: превенција од

родово базирано насилство, присилни бракови и трговија со луѓе“, во партнерство со Здружението за мултиетничко општество за човекови права од Штип. На настанот учествуваа 31 ученик (18ж/9м) и 4 возрасни лица од локалните средни училишта во Штип.

- На 24 март беа реализирани три едукативни работилници во Велес и околните основни училишта[46], со вкупно 88 ученици (33ж/52м).
- На 22 октомври во СУГС „Шаип Јусуф“ во Шуто Оризари – Скопје беше одржана едукативна работилница со 24 средношколци (15ж/9м). Преку интерактивни презентации и прикажување на филмот „Излез“.

Јавни настани и кампањи:

- По повод Меѓународниот ден на жената, Здружението заедно со La Strada International, упатија повик за спречување на присилните бракови, со акцент на нивно препознавање како кривично дело и форма на трговија со луѓе.
- На 19 јуни, по повод Светскиот ден на бегалците, во Прифатниот центар за баратели на азил – Визбегово, во соработка со UNHCR, беше организиран турнир во пинг-понг со учество на 30 лица[47], со цел промоција на инклузија и психосоцијална поддршка.
- Во периодот 18–25 септември, организацијата се приклучи на глобалната кампања Living Wage Action Day, координирана од Clean Clothes Campaign, организирана онлајн кампања за обезбедување животна плата во текстилната индустрија.

Младински активизам

- Во текот на 2025 година, 15 млади лица беа активни во младинскиот клуб на организацијата. Пет волонтери го продолжија својот ангажман од 2024 година, а во март 2025 година се вклучија пет практиканти од Институтот за социјална работа и социјална политика, кои ја завршија својата пракса. Во декември 2025 година, по потпишување на Меморандум за соработка со СУГС „Шаип Јусуф“, три ученици од училиштето се вклучија како практиканти во младинскиот клуб на Отворена порта. Дополнително, беа ангажирани и меѓународни практиканти, со што се зајакна интернационалната размена на искуства.

Меѓуинституционална соработка и видливост

- На 13 јануари беше реализирана официјална посета од германската амбасадорка во Северна Македонија во просториите на организацијата, при што беа дискутирани заеднички активности за борба против трговија со луѓе и одржливост на сервисите за поддршка. Во рамки на соработката, во периодот 23–25 јануари, за време на Деновите на германски филм, беше прикажано видео за работата на прифатилиштето.
- Во периодот 7–9 март, организацијата учествуваше на Саемот на социјални претпријатија во Скопје, во партнерство со UN Women и Министерството за социјална политика, демографија и млади, каде беа промовирани производи

[46] ООУ „Блаже Конески“ и ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Велес, ООУ „Тодор Јанев“ – Чашка и ООУ „Петар Поп Арсов“ – Богомила

[47] баратели на азил и претставници на институции и организации

изработени од кориснички на прифатилиштето, со цел поддршка на нивното економско зајакнување и реинтеграција.

- **Македонското здружение на млади правници** во текот на 2025 година, како дел од мобилните тимови реализирше повеќе превентивни и едукативни активности насочени кон ученици, родители и локални чинители.
  - Мобилен тим – Гевгелија – реализирани 5 едукативни сесии во основни и средни училишта[48] со вкупно 307 ученици. Темите опфатија препознавање ризици од трговија со луѓе, начини на врбување, механизми за заштита и пријавување. Дополнително, одржан е состанок со 8 претставници на локални институции и граѓански организации од Гевгелија за зајакнување на координацијата во превенција, идентификација и упатување на потенцијални жртви.
  - Мобилен тим – Куманово на 30 мај, во Транзитниот центар- Табановце беше реализирана едукативна активност со 5 лица во движење (4 мажи и 1 жена – државјани на Авганистан, Египет и Мароко) со поддршка на преведувач. Учесниците беа информирани за индикаторите за трговија со луѓе, нивните права, ризиците од експлоатација и можностите за заштита и поддршка.
  - Мобилен тим – Битола реализирани 4 едукативни работилници со вкупно 89 родители, насочени кон превенција во училиштата, зајакнување на улогата на стручните служби и рана интервенција при ризик од виктимизација.
  - Едукативни активности со институции – претставник на МЗМП одржа сесија на граничниот премин Табановце со 15 припадници на граничната полиција, на која беа разгледани индикаторите за трговија со луѓе, практични аспекти на препознавање ризични ситуации и улогата на МЗМП во обезбедување правна помош и реферирање случаи.

- Во рамки на останатите превентивни активности, **Црвениот крст на Република Северна Македонија**, преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвениот крст во земјата, реализираше повеќе активности насочени кон подигнување на свеста и едукација за превенција од трговија со луѓе. Во текот на годината беа одржани вкупно 76 работилници за превенција од трговија со луѓе, со кои беа опфатени 2.288 млади лица од основни и средни училишта.
  - 16 октомври, Куманово – на градскиот плоштад во Куманово, во соработка со СВР Куманово, волонтери од Општинската организација на Црвен крст Куманово спроведоа јавна превентивна активност на тема „Заедно против трговијата со луѓе“, при што беа дистрибуирани едукативни флаери и беа испишувани пораки за подигање на јавната свест од страна на граѓаните и случајните минувачи.
  - 17 октомври, Неготино – Општинската организација на Црвен крст Неготино реализираше превентивна лекција за борба против трговија со луѓе за 25 негователи за помош и нега на стари лица и лични асистенти на

[48] СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово, СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија, ОУ „Крсте Мисирков“ – Гевгелија, ООУ „Ристо Шуклев“ – с. Негорци и СОУ „Богданци“ – Богданци.

лица со попреченост, кои се ангажирани во испорака на социјални услуги. Активноста беше насочена кон запознавање со ризиците и индикаторите за трговија со луѓе и јакнење на нивната улога во препознавање и пријавување на потенцијални случаи.

- 20 октомври, Тетово – Општинската организација на Црвен крст Тетово реализираше работилница за превенција од трговија со луѓе со штитеници од Воспитно-поправниот дом во Тетово, со цел подигнување на свеста кај младите за ризиците, формите на експлоатација и начините на заштита од трговија со луѓе.

➢ Во рамките на проектните активности на **Програмската канцеларија на Совет на Европа,** беа реализирани активности за подигнување на јавната свест за трудовата експлоатација како форма на трговија со луѓе. Во таа насока, беше доделен грант на Бизнис конфедерација на работодавачи на Северна Македонија за спроведување на националната кампања „Можеби и ти си вовлечен во трудова експлоатација“[49].

Кампањата беше насочена кон информирање на граѓаните и работодавачите за ризиците од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација кај работодавачите, работниците и поширокатa јавност како и кон намалување на побарувачката за услуги обезбедени преку експлоатација.

Во рамки на иницијативата беа:

- продуцирани и објавени 40 информативни објави и 12 видео тизери;
- изработена посебна веб-страница за кампањата;
- отпечатени и дистрибуирани 30 постери;
- организирана прес-конференција со 17 медиумски објави;
- дистрибуирани 600 информативни летоци (550 на мкд и 50 на турски јазик) за потенцијални жртви со информации за препознавање на индикатори за експлоатација и достапните механизми за помош и пријавување;
- изработени четири тематски водичи за спречување на трудова експлоатација во ризични индустрии (земјоделство, градежништво, туризам и угостителство);
- како и реализирани работилници со вкупно 186 учесници од приватниот сектор, синдикати, МВР, социјални служби, меѓународни организации, граѓански организации и студенти.
- Дополнително, во рамки на активностите за видливост и превенција, беше изработена и илустрирана брошура за спречување на присилни бракови (100 примероци на македонски јазик), која беше дистрибуирана до млади лица на на настан по повод одбележување на 30 години од воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу Северна Македонија и Словенија.

[49] Во рамки на проектот „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија“, дел од заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција III (2023–2026)“.Активностите беа спроведени преку мултиканален пристап и достигнаа приближно 150.000 корисници преку социјалните мрежи (Facebook, LinkedIn, Instagram) и електронски платформи.

3. ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИ И МИГРАНТИ

3.1 Механизми за идентификација и упатување на жртви

Работењето на **петте мобилни тимови (МТ) за идентификација на жртви, претпоставени жртви на трговија со луѓе и ранливи групи** воспоставени во Битола, Гевгелија, Куманово, Скопје и Тетово[50] оваа година делумно беше поддржано од ИОМ во рамки на проектот „Поддршка на капацитетите за превенција и заштита на Република Северна Македонија“[51] и тоа до мај 2025 година. Во периодот од јуни до декември 2025 година, мобилните тимови продолжија со работа без директна проектна финансиска поддршка. За инспекторите од Министерството за внатрешни работи и за социјалните работници од Центрите за социјална работа средствата беа обезбедени во рамки на буџетите на институциите, додека претставниците на здруженијата на граѓани работеа на про боно основа.

Во периодот јануари – декември 2025 година, мобилните тимови активно ги спроведуваа програмските активности, вклучувајќи редовни состаноци, теренски посети, контакти со ранливи категории лица, како и активности за идентификација, упатување и обезбедување помош на ранливи лица, претпоставени и жртви на трговија со луѓе.

Националната СОС линија за помош од трговија со луѓе **0800 11111**, управувана од Здружението „Отворена порта/Ла Страда“, функционираше 24 часа дневно, седум дена во неделата, обезбедувајќи информации, советување, иницијална проценка на ризик, идентификација и упатување на потенцијални жртви на трговија со луѓе. Во текот на годината беа примени **вкупно 315 повици**, од кои 203 од жени и 112 од мажи. Повиците се однесуваа на превентивно-едукативни информации, сомневања и пријави поврзани со трговија со луѓе, како и прашања поврзани со социјална ранливост, миграција и различни форми на насилство. Преку линијата беа евидентирани **13 можни случаи на трговија со луѓе**, кои по извршена иницијална проценка беа проследени до надлежните институции, вклучително Центрите за социјална работа, Националната единица за борба против криумчарење мигранти и трговија со луѓе при Министерството за внатрешни работи, мобилните тимови и релевантни организации, со цел понатамошно постапување и обезбедување соодветна заштита и поддршка.

[50] Работата на МТ е утврдена во Меморандум за соработка склучен меѓу МТСП и МВР во јануари 2018г. Во нив продолжуваат да членуваат претставници од МВР, МТСП и здруженијата на граѓани (Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ учествува со свој претставник во мобилниот тим во Скопје додека МЗМП има претставници во Тетово, Куманово, Битола и Гевгелија и обезбедува правна помош и информирање на ЖТЛ, ПЖТЛ како и ранливите категории лица) кои работат на полето на БПТЛ и придонесуваат кон продлабочување на соработката помеѓу институциите со цел идентификација на ранливите категории лица, меѓу кои и жртви на трговија со луѓе.

[51] Финансиран од Банката за развој на Советот на Европа (СЕВ)

Во 2025 година, Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ го финализираше процесот на воспоставување на **Европската телефонска линија за исчезнати деца – 116 000**. Агенцијата за електронски комуникации официјално го одобри доделувањето и функционирањето на бројот, со што Република Северна Македонија се усогласи со принципот **„ист број – иста услуга“** воспоставен од Европската комисија. Линијата 116 000 ќе обезбедува итен одговор, информации и советување во случаи на исчезнати деца, вклучително и деца изложени на ризик од трговија со луѓе, експлоатација и други форми на злоупотреба.

На 8 август 2025 година, беше одржана координативна средба помеѓу Здружението „Отворена порта/Ла Страда“, претставници на Националниот механизам за упатување и Министерството за внатрешни работи, во врска со постапување по високоризичен случај на дете жртва. Средбата резултираше со договорени итни и долгорочни мерки, насочени кон зајакнување на меѓуинституционалната координација, ажурирање на постојните протоколи за постапување и иницирање на работна група за унапредување на процедурите и разгледување алтернативни модели на згрижување, вклучително мали групни домови и згрижувачки семејства.

Во текот на 2025 година, **УНХЦР**, со поддршка на Здружението „Отворена порта/Ла Страда“, обезбеди **психосоцијална поддршка за 116 баратели на азил** сместени во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово, од кои 53 мажи, 26 жени, 22 момчиња и 15 девојчиња. Активностите беа насочени кон обезбедување психосоцијална помош, поддршка при справување со траума и зајакнување на отпорноста на ранливите категории лица, со посебно внимание на лицата изложени на ризик од трговија со луѓе и експлоатација.

3.2 Идентификација, упатување и директна помош на жртви

Во текот на 2025 година од страна на Оперативниот тим задолжен за формална идентификација на жртви на трговија со луѓе утврдил статус на **5 жртви на трговија со луѓе**, од кои 4 жени и 1 маж. Од нив 4 се деца, а 1 е возрасно лице. Во однос на формата на експлоатација, евидентирани се 2 случаи на сексуална експлоатација, 1 случај на незаконско посвојување, 1 случај на присилен брак и 1 случај на трудова експлоатација по пат на питачење.

Покрај формално идентификуваните жртви, евидентирани се и **24 претпоставени жртви на трговија со луѓе**, од кои 19 се жени и 5 мажи, при што 17 се деца, а 7 возрасни лица. Во однос на видот на експлоатација, најзастапена е сексуалната експлоатација (10 случаи), по што следуваат присилен брак (6 случаи), питачење (4 случаи), трудова експлоатација (3 случаи) и 1 случај на незаконско посвојување.

Најголем дел од идентификуваните и претпоставените жртви се домашни државјани, додека мал број случаи се однесуваат на странски државјани, главно поврзани со трудова експлоатација. Географски, значителен дел од случаите потекнуваат од Скопје, Куманово, Тетово и Кавадарци, додека експлоатацијата најчесто се одвива во Скопскиот, Полошкиот и Североисточниот регион.

Податоците дополнително укажуваат дека жените и девојчињата се најчесто погодената категорија, особено во контекст на сексуална експлоатација и присилни бракови, додека кај машките жртви се забележуваат случаи поврзани со питачење и трудова експлоатација. Особено загрижува фактот што голем дел од идентификуваните лица се деца, што укажува на потребата од засилени превентивни активности и рана идентификација кај децата.

Во текот на 2025 година во **Центарот за лица жртви на трговија со луѓе (Центарот)**[52] беа згрижени вкупно 10 лица. Од нив, 5 се нови случаи (две формално идентификувани жртви и три претпоставени жртви), додека две жртви продолжија со престој од претходни години. Сите згрижени лица се од женски пол, на возраст од 13 до 35 години, од кои пет се деца, а две се возрасни жени, сите со македонско државјанство.

Во однос на формите на експлоатација, еден случај се однесува на комбинирана експлоатација (присилен брак и сексуална експлоатација), три случаи на сексуална експлоатација и еден случај на присилен брак. Дополнително, во Центарот беа сместени и три деца под ризик – деца на една од возрасните штитенички, кои согласно утврдените процедури се третираат како особено ранлива категорија со специфични потреби во процесот на заштита и поддршка.

Времетраењето на престојот во Центарот се движеше од две недели до една година, зависно од индивидуалната проценка на ризиците, безбедносната состојба и психосоцијалните потреби на штитеничките. Во одредени случаи, поради сложеноста на околностите, престојот беше продолжен и над законски предвидениот рок со цел обезбедување поголема стабилизација и подготовка за понатамошно згрижување.

За време на престојот, секоја штитеничка беше вклучена во индивидуален план за поддршка кој опфаќаше психолошка помош, здравствена заштита, образовни и развојни активности, како и други услуги во согласност со утврдените потреби. Стручниот тим редовно го следеше напредокот преку континуирани процени и координација со релевантните институции. По напуштањето на Центарот, жртвите се сместуваат на соодветна и безбедна локација согласно проценката и одлуката на надлежниот Центар за социјална работа, а по потреба им се обезбедува и придружна социјална работа со цел успешна реинтеграција и намалување на ризикот од повторна виктимизација.

[52]Режиските трошоци за функционирањето на Центарот, се финансирани од МТСП, додека услугата се финасира од Владата на РСМ во рамки на Програмата за поддршка на здруженијата на граѓани.

Во рамки на Центарот, за 10 лица беше обезбедена сеопфатна психосоцијална поддршка која опфати 210 индивидуални психосоцијални сесии и 145 групни работилници, како и креативни и окупациони активности (арт-терапија, музичка и драмска експресија) и надворешни активности за социјализација и ресоцијализација. Сите штитенички имаа изработени индивидуални планови за поддршка насочени кон стабилизација, зајакнување и подготовка за самостоен живот.

Во текот на 2025 година. Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ продолжи да ја спроведува Програмата за придружна социјална работа наменета за лица под висок ризик од трговија со луѓе и тргувани лица кои не се сместени во прифатилиштето, при што беа поддржани 20 жртви на трговија со луѓе и 30 членови на нивните семејства, меѓу кои 10 мажи, 8 жени и 12 деца (4 момчиња и 8 девојчиња). Поддршката опфати активности за 18 лица кои добија специјализирано психосоцијално советување, 30 лица добија индивидуално и семејно советување, 12 лица добија поддршка за пристап до услуги, 2 лица правна помош, а 15 лица хуманитарна поддршка.

Мобилните тимови[53] беа активни во спроведувањето на програмските активности вклучувајќи редовни состаноци, теренски посети, контакти, упатувања и помош на ранливи групи, жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе. Имено во извештајниот период идентификувале **вкупно 402 ранливи категории лица**, од кои 366 лица (91%) биле евидентирани како ранливи категории во ризик од трговија со луѓе, 35 лица (8,7%) како претпоставени жртви, додека едно лице било идентификувано како жртва на трговија со луѓе. Од вкупниот број, 372 се домашни државјани, а 30 странски државјани. Според полот, 250 лица се жени, а 152 лица се мажи. Во однос на распределбата по возраст и пол, идентификувани се 145 девојчиња, 105 жени, 93 момчиња и 59 мажи, што укажува дека жените и девојчињата се значително поизложени на ризик од злоупотреба и експлоатација. Возрасната структура дополнително укажува на значителна ранливост кај децата, кои сочинуваат околу 60% од идентификуваните случаи.

Податоците за **домашните државјани** покажуваат дека од вкупно 372 идентификувани лица, 344 се евидентирани како ранливи категории во ризик од трговија со луѓе, 27 лица се идентификувани како претпоставени жртви на трговија со луѓе, додека едно лице е идентификувано како жртва на трговија со луѓе. Во однос на полот, 234 лица се жени, а 138 лица се мажи, што повторно укажува на поголема изложеност на жените и девојчињата на ризик од трговија со луѓе. Возрасната структура дополнително укажува на висока ранливост кај децата. Од вкупниот број на идентификувани домашни ранливи категории лица, претпоставени жртви и жртви на трговија со луѓе, **222 лица се деца**, што претставува приближно 60% од сите идентификувани случаи. Од нив, 140 се девојчиња, а 82 се момчиња, при што 22 деца се идентификувани

[53] ИОМ, во рамките на регионалниот проект „Заеднички активности на државите од Западен Балкан против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе”, финансиран од Министерството од Кралството на Данска

како претпоставени жртви, а едно дете како жртва на трговија со луѓе. **Кај возрасните** се евидентирани 94 жени и 56 мажи, при што пет лица – сите жени – се идентификувани како претпоставени жртви на трговија со луѓе, што укажува дека и во возрасната популација жените остануваат значително поизложени на ризик од експлоатација.

Дополнително, во рамките на регионалниот проект,[54] имплементиран од ИОМ, во соработка со мобилните тимови беше обезбедена директна асистенција за **73 лица, вклучително ранливи категории лица во висок ризик од трговија со луѓе**, претпоставени жртви и жртви на трговија со луѓе. Од нив, 66 биле домашни државјани, а 6 странски лица. Асистенцијата опфати обезбедување облека, храна, хигиенски средства, сместување за семејства, медицинска помош и други форми на итна поддршка. Во рамки на проектот беше обезбедена и поддршка за Центарот, која вклучуваше хигиенски и медицински средства за прва помош, како и техничка опрема и мебел.

Во рамки на проектните активности на ИОМ во Привремените транзитни центри, беше обезбедена хуманитарна помош и услуги за заштита на мигрантите, со посебен фокус на превенција и борба против трговијата со луѓе. Активностите вклучуваа и редовно одржување на информативни сесии за мигрантите за ризиците од нерегуларна миграција, криумчарење на мигранти и трговија со луѓе, како и за достапните механизми за заштита и поддршка.

Дополнително, во рамки на Програмата за асистирано доброволно враќање и реинтеграција (AVRR) на ИОМ, во координација со Министерството за внатрешни работи и Министерството за социјална политика, демографија и млади, на една жена мигрантка, претпоставена жртва на трговија со луѓе ѝ беше обезбедена поддршка за безбедно доброволно враќање и реинтеграција во нејзината земја на потекло.

Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ во текот на 2025 година продолжи активно да обезбедува услуги за рана интеграција, заштита и психосоцијална поддршка за бегалци, мигранти и барателиа на азил сместени во Прифатниот центар за азил во Визбегово. Организацијата одржуваше континуирано присуство во Центарот, обезбедувајќи навремена и соодветна поддршка за поединци и семејства со цел олеснување на нивната рана интеграција во заедницата. Во рамки на програмата беа опфатени 141 лице, од кои 70 мажи, 29 жени и 42 деца (25 момчиња и 17 девојчиња) од различни возрасти и земји на потекло. Мултидисциплинарниот тим обезбедуваше индивидуално психосоцијално советување и поддршка, насочени кон емоционална стабилизација, надминување на трауматските искуства и јакнење на личните капацитети за справување со предизвиците. Паралелно беа организирани групни работилници, креативни и рекреативни активности,

[54] „Заеднички активности на државите од Западен Балкан против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе“, финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралството Данска

со цел поттикнување на комуникацијата, културната размена и социјалната интеракција. Дополнително, беше реализирана структурирана програма за изучување на македонски јазик, со цел подобрување на комуникациските вештини и олеснување на пристапот до образование и вработување.

Во рамките на **МВР-Секторот за известување и координација** на состојби функционира апликацијата **„Red Button"/„Црвено копче"** која им овозможува на граѓаните електронски да пријават сознание за одредено кривично дело, или информација која се однесува на злоупотреба на деца, трговија со луѓе и криминал од омраза. Во текот на 2025 година, преку апликацијата „Црвено копче "примени се 118 пријави пријави.

Црвениот крст на Република Северна Македонија, во рамки на Националната програма за хуманитарна асистенција на бегалци и мигранти, во текот на 2025 година реализираше повеќе активности насочени кон обезбедување хуманитарна и медицинска поддршка на лицата во движење, како и јакнење на институционалните капацитети и соработката со релевантните партнери. Активностите се спроведуваа преку шест мобилни тимови кои обезбедуваа 24-часовна поддршка[55]. Во рамки на програмата беа реализирани активности за дистрибуција на хуманитарна помош, пружање медицинска помош и примарна здравствена заштита, психосоцијална поддршка, воспоставување семејни врски како и обезбедување комуникациски услуги за лицата во движење. Спроведени се и едукативни активности за превенција од болести, поддршка на локалните заедници, интервенции при екстремни временски услови и пожари, како и активности за социјална поддршка на ранливи категории лица. Во текот на 2025 година преку овие активности беа опфатени вкупно 10.406 лица во движење, од кои 5.415 институционално згрижени мигранти и 4.991 иррегуларни мигранти, при што беа реализирани 3.286 интервенции за прва помош, 15 медицински транспорти и 32 упатувања до здравствени институции, како и 18 случаи обработени преку Службата за барање и воспоставување семејни врски.

[55] во Прифатно-транзитните центри Винојуг (Гевгелија) и Табановце (Куманово), Хуманитарно-сервисната точка во с. Лојане и Центарот за странци – Скопје

Анализата на податоците за 2025 година, добиени од работата на мобилните тимови и другите механизми за идентификација, упатување и директна поддршка, укажува дека трговијата со луѓе во Република Северна Македонија во најголем дел се манифестира како внатрешна трговија. Најранлива категорија и понатаму се жените и децата, особено девојчињата, при што доминираат случаи на сексуална експлоатација и присилен брак, а во одреден број случаи се евидентираат и форми на трудова експлоатација и питачење.
Високото учество на деца помеѓу идентификуваните и претпоставените жртви, како и присуството на домашни државјани меѓу случаите, укажува дека оваа појава не е исклучиво поврзана со миграциските текови, туку претставува и значаен внатрешен социјален предизвик. Овие наоди ја нагласуваат потребата од континуирано зајакнување на превентивните активности, раната идентификација и системската поддршка за ранливите категории.
Во таа насока, засилената меѓуинституционална соработка и континуираното унапредување на механизмите за идентификација, упатување и заштита на жртвите остануваат клучен приоритет на Националната комисија.

3.3 Правна помош на жртви на трговија со луѓе и мигранти

Во текот на 2025 година, Националниот механизам за упатување (НМУ) координираше обезбедување **бесплатна правна помош** за две лица, преку соработка помеѓу Министерството за правда и Македонското здружение на млади правници (МЗМП). Обезбедувањето на правна помош претставува важен инструмент за остварување на пристапот до правда и заштита на правата на жртвите на трговија со луѓе во сите фази од постапката.

Министерството за правда во текот на 2025 година евидентираше **8 барања за бесплатна правна помош поднесени од жртви на трговија со луѓе**[56] кои беа одобрени и за кои беа ангажирани адвокати за обезбедување правна поддршка. Министерството обезбеди финансиски средства за покривање на трошоците за правната помош, со што придонесе кон зајакнување на системот на поддршка за жртвите.[57]

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) продолжи активно да придонесува кон јакнење на системот на бесплатна правна помош. Во националниот систем, правното советување за жртвите е достапно преку примарната бесплатна правна помош, додека секундарната правна помош овозможува назначување адвокат кој ги застапува жртвите во кривичната постапка. Во извештајниот период беа поднесени и одобрени **6 барања за**

[56] Од нив, 4 барања биле поднесени во подрачното одделение во Тетово, 3 во Скопје и 1 во Кавадарци.
[57] Вкупната сума која е исплатена од Министерството за правда на адвокати кои застапувале жртви на трговија со луѓе за 2025 изнесува 51.160 денари

секундарна бесплатна правна помош, при што Министерството за правда назначи адвокати за застапување на жртвите во постапките пред Основното јавно обвинителство и Основниот кривичен суд.

Во текот на 2025 година МЗМП со поддршка на УНХЦР продолжи да обезбедува правна помош и во областа на миграцијата и азилот. Во Прифатните транзитни центри Табановце и Винојуг, како и во Прифатниот центар за странци во Гази Баба и Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово, беа обезбедени вкупно 1.058 правни совети (од кои 113 жени и 945 мажи) за лица мигранти, додека 111 баратели на азил беа застапувани во постапките за признавање на право на меѓународна заштита.

Во однос на правната поддршка за жртвите на трговија со луѓе, преку адвокати обезбедени во рамки на системот на бесплатна правна помош беа поднесени **две барања за компензација за жртви на трговија со луѓе**.

Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ исто така обезбедуваше правна поддршка за штитенички сместени во Центарот за жртви на трговија со луѓе. Во 2025 година, на четири штитенички им беше обезбедена бесплатна правна помош, при што тие беа советувани за текот на постапките, нивните права и можностите за правна заштита. Во рамки на оваа поддршка, две штитенички беа придружени при давање исказ во Основното јавно обвинителство, една беше упатена на Судска медицина, а две беа упатени на судско вештачење по наредба на обвинителството. Дополнително, една штитеничка беше правно застапувана во постапка против поранешен сопруг за непочитување на решение за видување со дете, при што постапката заврши со изрекување условна казна и пробација за сторителот.

Министерството за правда во текот на 2025 година продолжи со активности поврзани со имплементацијата на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство[58], како и со поддршка на работата на Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство (Комисија за паричен надоместок)[59]. Комисијата функционира како независно тело со својство на правно лице и обезбедува институционален механизам за финансиска поддршка, ублажување на последиците од претрпеното насилство и намалување на ризикот од секундарна виктимизација.

Согласно член 31 од Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, Комисија за паричен надоместок е должна да изработи информативен материјал со информации за правата на паричен надоместок, условите и постапката за остварување на ова право кои ќе бидат

[58] Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство стапи на сила 25.11.2022година а започна со примена од 25.05.2023 година Сл.весник на РСМакедонија бр.247/2022

[59] Врз основа на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, Владата на РСМ на седница одржана на 13.02.2024 година донесе Решение бр.41-1524/3 за назначување на членови на Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство. Воспоставена е како независно тело и има својство на правно лице од 07.08.2024 година, кога е регистрирана како правен субјект во Централниот регистар, со седиште во Скопје.

доставени до сите надлежни институции, организации, фондации и други правни лица кои во вршењето на нивните работи стапуваат во контакт со жртви од кривични дела со насилство. Имајќи ја во предвид оваа обврска во текот на 2024 и 2025 година, Комисијата за паричен надоместок изработи информативен материјал, видео материјал и постери, која активност беше реализирана со поддршка на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје. Информативните содржини можат да се најдат на веб страната на Комисијата за паричен надоместок.[60]

Во извештајниот период, Комисијата за паричен надоместок функционираше континуирано и со полн капацитет, при што беа одржани 12 седници и повеќе работни состаноци за разгледување на поднесените барања. Во текот на 2025 година беа поднесени вкупно **68 барања за исплата на паричен надоместок** од кои за 21 предмет постапката е во тек. Постапувањето по предметите се одвиваше согласно законските критериуми и пропишаните процедури, при што за 43 предмети има донесено Решенија за одбивање и отфрлање додека за 4 предмети беше признато правото на паричен надоместок, по што беа реализирани исплати по различни основи: две исплати за солидарна помош, една за трошоци за погреб и една за изгубена издршка.

Податоците укажуваат дека, и покрај воспоставениот механизам, значителен дел од барањата не ги исполнувале законските предуслови, што упатува на потребата од понатамошно јакнење на информираноста на жртвите, како и унапредување на практичната примена на механизмот за компензација.

Во текот на извештајниот период беа иницирани и постапки со пошироко значење за заштитата на правата на жртвите. МЗМП поднесе апликација до Европскиот суд за човекови права по член 4 од Европската конвенција за човекови права (забрана за ропство), поради непостапување на домашните судови во случај на малолетно дете жртва на присилно питачење. Предметот укажува на потребата од правилно препознавање и квалификување на делата поврзани со трговија со деца и од доследна примена на меѓународните стандарди. Дополнително, во еден кривичен предмет за трговија со луѓе беше обезбедена правна помош за жртвата, при што беше донесена пресуда со утврдена казна за сторителот и беше изречена мерка за забрана за располагање со имот стекнат од сторителот, со цел заштита на правата и интересите на жртвата.

[60] www.komisijazanadomestoknazrtvi.mk

4. ИСТРАГА И КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

4.1 Предистражна постапка

4.1.1 Трговија со луѓе/дете

❖ **Министерство за внатрешни работи**[61]

Во текот на 2025 година, од страна на Министерството за внатрешни работи/НЕСКМТЛ, по идентификуваните случаи беа спроведени вкупно **8 истраги** поврзани со кривичните дела „трговија со луѓе“ (член 418-а) и „трговија со дете“ (член 418-г) од Кривичниот законик.
Во извештајниот период беа поднесени **5 кривични пријави**, од кои една за кривично дело „трговија со луѓе“ (член 418-а) и четири за кривично дело „трговија со дете“ (член 418-г), и тоа:

- **Една кривична пријава** за сторено кривично дело „трговија со луѓе“ по чл.418-а од КЗ на РСМ, сторено од шест полнолетни лица од машки пол кои ја принудувале жртвата на сексуална експлоатација.
- **Една кривична пријава** за сторено кривично дело “Трговија со дете“ по пат на нелегално посвојување по чл.418-г , извршено од едно полнолетно лице од машки пол и три полнолетни лица од женски пол.
- **Една кривична пријава** за сторено кривично дело „Трговија со дете“ по пат на присилен брак по чл.418-г извршено од три полнолетни лица од машки пол и едно полнолетно лице од женски пол кои ја принудиле малолетната жртва од женски пол на присилен брак.
- **Две кривични пријави** за сторено кривично дело „Трговија со дете“ по чл.418-г извршено од 8 полнолетни лица од машки пол и едно полнолетно лице од женски пол кои ги принудувале малолетните жртви од женски пол на сексуална експлоатација.

Во текот на 2025 година се спроведува **1 проактивна истрага** за кривично дело „трговија со дете“ по пат на нелегално посвојување (член 418-г), каде 2 (две) лица се инволвирани во извршување на кривичното дело, во која се инволвирани две лица, со можност истрагата дополнително да се прошири.

Во врска со регистрираните кривични дела поврзани со трговија со луѓе и илегална миграција, не се евидентирани случаи во кои како сторители се јавуваат полициски службеници.

Во извештајниот период беше реализиран и случај на **трговија со луѓе** во кој шест лица кривично се пријавени за сексуална експлоатација на 29-годишна жртва, која во текот на 2023 и 2024 година била изложена на физичко и психичко насилство и принудувана на проституција заради стекнување парична корист.

[61]Податоци добиени од Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа и Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе.

Кај **трговијата со деца** во текот на годината реализирани се четири случаи, при што мерки на кривичен прогон се преземени против 17 сторители за сторени осум кривични дела. Жртвите се малолетни девојчиња на возраст од 11, 15 и 16 години, а во еден случај малолетна мајка со нотарска изјава за паричен износ од 4.000 евра го оставила своето новороденче на издржување кај трети лица. Во еден од случаите било извршено и силување на 16-годишно девојче, кое било принудувано да користи опојни дроги и било изложено на сексуална експлоатација.

Податоците укажуваат дека жртвите на трговија со луѓе и трговија со деца најчесто потекнуваат од ранливи категории, при што сиромаштијата, родовата нееднаквост и насилството претставуваат значајни фактори на ризик.

❖ **<u>Спроведени контроли и број на идентификувани деца на улица</u>**

Во текот на 2025 година НЕСКМТЛ како дел од Мобилните тимови реализираа девет контроли насочени кон идентификација на деца на улица, при што се идентификувани **18 деца на улица без придружба**. Активностите беа спроведени согласно Протоколот за меѓусекторска соработка за постапување со деца на улица од 2022 година, со цел спроведување превентивни мерки и сузбивање на питачењето како форма на занемарување, малтретирање и потенцијална трудова експлоатација на деца. Во рамки на овие активности беа преземени соодветни мерки во координација со надлежните институции, согласно законските овластувања и утврдените процедури.

- **5 лица се идентификувани како жртви на трговија со луѓе (4 жени и 1 маж), од кои 4 се деца;**
- **24 лица се идентификувани како претпоставени жртви (19 жени и 5 мажи), од кои 16 се деца;**
- **спроведени се 9 истраги поврзани со членовите 418-а и 418-г;**
- **поднесени се 5 кривични пријави против 23 лица (18 мажи и 5 жени), сите македонски државјани.**

❖ **<u>Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО за ГОКК)</u>**

Во текот на 2025 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало по предмети поврзани со кривичните дела трговија со луѓе (член 418-а) и трговија со дете (член 418-д) од Кривичниот законик.

Во извештајниот период биле издадени вкупно **шест наредби за истрага**, од кои две за кривично дело „трговија со луѓе“ и четири за кривично дело „трговија со дете“. До Основниот кривичен суд биле поднесени **пет обвинениј**а – три за кривично дело „трговија со луѓе“ и две за кривично дело „трговија со дете“, со кои се опфатени 12 лица, сите државјани на Република

Северна Македонија (седум лица за трговија со луѓе и пет лица за трговија со дете).

Во текот на годината биле донесени и **3 судски пресуди** за ова кривично дело.

4.1.2 Акциски контроли и инспекциски надзори

Во текот на 2025 година, Министерството за внатрешни работи спроведе 43 акциски контроли во угостителски објекти на подрачјето на Тетово и Гостивар, со цел откривање на странски државјанки кои нелегално престојуваат и работат во објектите како танчерки и пеачки.

Контролите беа извршени во 14 угостителски објекти, при што беа затекнати 298 женски лица, од кои 129 странски државјанки. Од нив, 81 лице беа приведени поради непријавен престој во Северна Македонија (23 од Албанија, 15 од Украина, 13 од Колумбија, 11 од Србија, по шест од Бразил и Косово, три од Бугарија, две од Франција и по едно лице од Венецуела и Молдавија). Против овие лица беа преземени мерки согласно Законот за странци, при што од страна на надлежниот суд им беа изречени прекршочни санкции и мерки забрана за влез на територијата на државата во траење до една година.

Во 2025 година, **Државниот инспекторат за труд (ДИТ),** согласно Меморандумот за соработка со Министерството за внатрешни работи, на територијата на целата држава спроведе вкупно **285 вонредни инспекциски надзори**. Надзорите беа насочени кон дејности идентификувани како ризични во однос на појава на трговија со луѓе и трудова експлоатација. Инспекциските контроли беа реализирани во повеќе сектори, меѓу кои: преработувачка индустрија (6), текстилна индустрија (1), прехранбена индустрија (4), градежништво (47), трговија на големо и мало (6), поправка на моторни возила (1), транспорт и складирање (1), објекти за сместување и сервисни дејности со храна (147), стручни, научни и технички дејности (2), административни и помошни услужни дејности (2), јавна управа и одбрана (3), образование (4), дејности на здравствена и социјална заштита (2), уметност, забава и рекреација (40) и други услужни дејности (19).

Во рамки на спроведените инспекциски надзори беа констатирани повеќе неправилности во работењето на дел од правните субјекти, при што беа изречени соодветни инспекциски мерки согласно Законот за работните односи. Во таа насока беа изречени 49 опомени, донесени 57 наредби за отстранување на утврдени неправилности, издадени 57 прекршочни платни налози, поднесени две прекршочни пријави и една кривична пријава, како и две мерки за забрана за работа.

4.1.3 Криумчарење мигранти

- Министерство за внатрешни работи[62]

Во текот на 2025 година се регистрирани 51 кривично дело криумчарење мигранти, од кои седум се однесуваат на соизвршителство. Во врска со овие дела преземени се мерки на кривичен прогон против 90 сторители, од кои 28 се странски државјани.

Во тековната година пријавени се и седум лица сите од машки пол за сторени четири кривични дела поврзани со организирање група и поттикнување на извршување на кривични дела трговија со луѓе, трговија со дете и криумчарење на мигранти, како и за кривично дело криумчарење на мигранти согласно член 418-в од Кривичниот законик.

Од страна на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе спроведени се четири истраги во врска со кривичното дело криумчарење на мигранти (член 418-б), од кои една е проактивна истрага, при што е сузбиена организирана криминална група. Во рамки на овие постапки поднесени се четири кривични пријави против 17 лица, од кои пет се државјани на Авганистан, додека останатите се државјани на Република Северна Македонија.

Во текот на 2025 година, **не се регистрирани кривични дела** поврзани со илегална миграција и трговија со луѓе, во кои како сторители се јавуваат **полициски службеници**.

❖ **Состојби со илегалната миграција**

Илегалната миграција во Северна Македонија е актуелна закана која во голема мера влијае на безбедносната состојба во државата. Иако се забележува намалување на динамиката на миграциските движења, притисокот врз границите и понатаму е присутен. Министерството за внатрешни работи продолжи континуирано да презема активности за справување со оваа појава, која претставува стратешки безбедносен приоритет, како на национално ниво така и во рамки на регионалните и европските миграциски текови.

❖ **Спречени обиди за илегални преминувања**

Во текот на 2025 година, долж западнобалканската рута, илегалната миграција и понатаму претставува актуелен предизвик. Во споредба со претходната година, бројот на спречени обиди за илегални преминувања на државната граница е намален за околу 11%, при што се регистрирани вкупно 6.061 спречени обиди. Од нив, 4.299 обиди се спречени при влез во државата, при што најголем дел се на јужната граница со Република Грција (4.070 обиди), додека 1.762 обиди се спречени при излез од државата кон соседните земји.

[62]Податоци добиени од Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

СПРЕЧЕНИ ОБИДИ ЗА ИЛЕГАЛНИ ПРЕМИНУВАЊА	2025 ГОДИНА	2024 ГОДИНА	ПРОМЕНА %
НА ГРАНИЦА СО Р ГРЦИЈА	**4.230**	4.297	-1,6%
НА ГРАНИЦА СО Р АЛБАНИЈА	**106**	41	158,5%
НА ГРАНИЦА СО Р СРБИЈА	**1.654**	2.328	-28,9%
НА ГРАНИЦА СО Р КОСОВО	**48**	108	-55,6%
НА ГРАНИЦА СО Р БУГАРИЈА	**23**	35	-34,3%
ВКУПНО	6.061	6.809	-10,9%

Табела 2: Компаративен приказ на спречени обиди за илегални преминувања по граници 2024/2025 година

Јужната граница и понатаму претставува главна влезна точка за мигрантите, што се потврдува и преку бројот на спречени обиди за илегално преминување на **границата со Република Грција** – 4.230 случаи, што претставува намалување од 1,6% во однос на претходната година. Во најголем број случаи станува збор за мигранти кои подолг период престојуваат на територијата на Грција и во повеќе наврати се обидуваат да ја продолжат рутата кон земјите од Западна Европа. Дел од нив привремено се сместуваат во импровизирани кампови во близина на границата или на патните правци каде што ги преземаат криумчарските групи. За полесно движење и планирање на рутата, мигрантите користат различни комуникациски платформи и навигациски апликации како Maps.me, Organic Maps и Google Maps, додека за транспорт низ државата често се потпираат на организирани криумчарски мрежи.

Северната **граница со Република Србија** и понатаму се користи како главна излезна точка од државата, при што во извештајниот период е забележано намалување на обидите за околу 28,9%. Најголем дел од мигрантите потекнуваат од Египет, Авганистан, Сирија и Ирак, додека на влез најчесто се регистрирани лица од Египет и Непал.

На **границата со Република Косово** е забележано значително намалување од над 55%, при што се спречени 48 обиди за илегално преминување. Лицата потекнуваат од повеќе земји, меѓу кои Мароко, Пакистан, Палестина, Непал, Либија, Ирак, Египет, Турција и Јужноафриканската Република.

На западната **граница со Република Албанија** најчесто се регистрираат обиди од албански државјани кои нелегално ја преминуваат границата во пограничните села, заради сезонска работа или криумчарење на стока.

На источната граница со **Република Бугарија** е забележано намалување од 34,3%, при што најчести се обидите од лица по потекло од Мароко и Алжир.

❖ **Илегални преминувања по земја на потекло**

Според структурата на мигрантите, најзастапени се обидите на лица по потекло од Египет (1.827), по што следуваат Авганистан (1.274), Сирија (447), Мароко (417) и Судан (372). Во споредба со претходната година, забележано е значително зголемување на обидите на лица од Египет, Авганистан и Судан, додека се бележи намалување кај лицата од Сирија и Мароко.

❖ **Сузбиени организирани криминални групи**

Во текот на 2025 година сузбиени се три организирани криминални групи, во кои биле инволвирани 14 лица.

- Една од групите е дел од меѓународна криминална мрежа во која делувало и лице со потекло од Арапските земји кои организирале илегално пренесување на група мигранти државјани на Египет и Сирија и нивен транспорт во Р Србија.
- Втората група составена од шест лица, подолг временски период била инволвирана во криумчарење мигранти од територијата на Србија кон Република Грција, при што при реализацијата на случајот било спречено криумчарење на шест мигранти од Кина, меѓу кои и едно дете.
- Третата група била составена од четири турски државјани, при што организаторот обезбедил финансиски средства за транспорт на лица од Истанбул до Северна Македонија, по што тие биле ангажирани за превезување на шест мигранти од Египет од подрачјето на Гевгелија до границата со Република Србија.

❖ **Криумчарење мигранти**

Во текот на 2025 година, полициските службеници откриа вкупно **49 случаи на криумчарење**, при што биле откриени **340 мигранти**. Најголем број од нив потекнуваат од Египет (186), по што следуваат Кина (48), Непал (27), Сирија (25), Авганистан (17), Мароко (12), Индија (9) и Турција (8).

❖ **Модус на делување**

Мигрантите се прифаќаат на претходно утврдени и договорени локации во Атина (Грција), од каде организирано се носат во близина на граничната линија со нашата држава и пеш остваруваат илегален влез. Транспортот понатаму се врши со патнички моторни возила, често со регистарски таблички од Скопје, Куманово, Србија, Швајцарија, Босна и Херцеговина или Италија, а сè почесто се користат и рент-а-кар возила, по што мигрантите се носат до северниот дел од државата (села во близина на границата со Р Србија). Возачите по забележување на полициските патроли, ги напуштаат возилата со мигрантите покрај патот и се даваат во бегство.

❖ **Рути на движење**

Најчесто користена рута на движење и понатаму е Гевгелија – Скопје – Куманово – ГП Табановце.

Карактеристично е што за првпат е регистриран случај на криумчарење на четири мигранти од Непал на границата со Република Албанија, што претставува нова појава, бидејќи овој дел од државата досега не се користеше како транзитна рута за миграцијата долж западнобалканската рута.

❖ **Број на лица сместени во Прифатниот центар за странци**

Во текот на 2025 година во Прифатниот центар за странци во Скопје биле сместени 270 лица, од кои 246 мажи и 24 жени.

Според земјата на потекло, најголем број се од Турција (72), Непал (47), Кина (37), Египет (15), Косово (13) и Пакистан (11), додека помал број лица се од Авганистан, Албанија, Бангладеш, Индија, Мароко и Сирија.

Во однос на возраста, најголем дел се лица на возраст од 18 до 35 години (158 лица), по што следуваат 95 лица на возраст од 36 до 59 години, 10 лица на возраст од 14 до 17 години, пет лица над 60 години и две деца на возраст до 13 години.

- **Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК)**

Во текот на 2025 година, значително поголем дел од предметите на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се однесуваат на кривичните дела **криумчарење на мигранти (член 418-б)** и **организирање група и поттикнување на извршување на кривични дела поврзани со трговија со луѓе и криумчарење на мигранти (член 418-в)**.

За кривичното дело **криумчарење на мигранти (418-б)** во текот на годината биле издадени 23 наредби за истрага, со кои се опфатени 38 лица, додека до судот биле поднесени **43 обвинениј**а **против** 60 лица и за 2 лица се спогодбено, од кои 6 се обвинети деца и 56 се возрасни (61 маж/1жена) од кои 42 се домашни и 20 странски државјани. Во текот на годината биле донесени 48 пресуди, што укажува на континуирано процесуирање на предмети поврзани со организирано криумчарење мигранти.

Во однос на кривичното дело организирање група и поттикнување на извршување на кривични дела (чл. 418-в), во текот на извештајниот период биле издадени 2 наредби за истрага, со кои се опфатени 7 лица, додека до судот биле поднесени 2 обвинениј**а** против 7 возрасни машки лица, од кои 3 домашни и 4 странски државјани. Во текот на годината биле донесени 7 пресуди, што укажува на присуство и процесуирање на организирани криминални структури во оваа област.

Структурата на обвинетите лица покажува дека најголем дел се возрасни машки лица, при што значителен дел од нив се домашни државјани, но е присутен и број на странски државјани, што го потврдува транснационалниот карактер на овие кривични дела, особено во контекст на миграциските текови долж западнобалканската рута.

4.2 Кривична постапка

Во текот на 2025 година, Основниот кривичен суд Скопје постапувал по повеќе предмети поврзани со кривичните дела трговија со луѓе, трговија со дете, криумчарење мигранти и организирање група и поттикнување на извршување кривични дела поврзани со трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Воедно истата година примени се вкупно 57 предмети, во кои се обвинети 102 лица (100м/2ж). Правосилни се 57 предмети во кои казна затвор е изречена на 48 лица (82м/2ж), додека, условна пресуда е изречена на 11 лица (10м/1ж).

- *Кривични дела трговија со луѓе и трговија со дете*

За кривичното дело **Трговија со луѓе** биле евидентирани 4 предмети со вкупно 12 обвинети лица, сите од машки пол. Во текот на годината 3 предмети биле завршени, при што постапката се однесувала на 6 обвинети лица, а 2 предмети станале правосилни, со 5 обвинети машки лица за кои е изречена казна затвор.

Во однос на кривичното дело **Трговија со дете**, во судот бил примен 1 предмет со 5 обвинети лица (4м/1ж). Во текот на годината биле завршени 2 предмети со 20 обвинети лица (18м/2ж), при што во 1 предмет кој е правосилен обвинети се 9 лица (7м/2ж), за кои е изречена казна затвор.

Во текот на 2025 година, од вкупно три правосилни пресуди поврзани со кривични дела од областа на трговијата со луѓе/деца, во еден предмет судот досудил имотно-правно барање на жртвата во рамки на кривичната постапка, при што девет обвинети се задолжени солидарно да исплатат надомест на нематеријална штета во износ од 700.000 денари. Пресудата е конечна, правосилна и извршна. Во преостанатите два предмети, по изјава на полномошниците на оштетените дека надоместот ќе го остваруваат во граѓанска постапка, судот ги упатил жртвите да го остварат оштетното побарување во граѓанска парница.

- *Кривични дела криумчарење мигранти и организирање група*

Во 2025 година најголем дел од судските предмети се однесувале на кривичното дело **Криумчарење мигранти**. Во судот биле примени 44 предмети со 66 обвинети лица (65м и 1ж). Во текот на годината 49 предмети биле завршени, при што постапката се однесувала на 76 (74м/2ж) обвинети лица. Од нив, 50 предмети станале правосилни и опфатиле 80 обвинети лица (79м/1ж). Во однос на донесените одлуки, 42 предмети со 62 обвинети машки лица завршиле со изрекување казна затвор, додека 8 предмети со 10 обвинети лица (9м/1ж) резултирале со условна осуда. Дополнително, во рамки на оваа категорија е евидентиран еден случај на обвинето службено лице – полициски службеник.

Во однос на кривичното дело **Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со дете и криумчарење на**

мигранти примени се 8 предмети со 19 обвинети машки лица. Во текот на извештајниот период биле завршени 8 предмети со 23 обвинети машки лица, од кои 4 предмети станале правосилни и се однесувале на 12 обвинети машки лица. Во рамки на овие правосилни пресуди, 3 предмети со 8 обвинети машки лица резултирале со изрекување казна затвор, додека во 1 предмет со 1 обвинето машко лице била изречена условна осуда. Дополнително, кај ова кривично дело се евидентирани и 2 случаи на конфискација на имот како дополнителна мерка.
Во однос на правосилните пресуди за 2025 година, распонот на казните со правосилностите на пресудите се движи од 1-10 години затвор.
Нема пресуди кои резултираат со затварање на бизнис или организација.

5. БУЏЕТ

Спроведените активности се реализирани во партнерство помеѓу Комисијата, институциите, меѓународните организации и здруженија на граѓани. Донаторите и партнерите придонесоа во имплементација на активностите за борба против трговија со луѓе и илегална миграција согласно Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и трговија со деца за 2021-2025 година.

МВР	408.320,00 денари
Прифатен центар за странци	7.653.582,00 денари
МСПДМ за ЦЛЖТЛ [63]	4.335.456,00 денари
Здруженија на граѓани[64]	12.700.257,00 денари
Меѓународни организации[65]	Повеќе од 552.500,00 ЕУР

[63]**МСПДМ** за функционирање на **Центарот за привремен престој на жртви на трговија со луѓе** конкретно за режиски трошоци и за финансирање на услугата има реализирано 4.335.456,00 денари за 2025г за финансирање на услугата и склучен е Управен договор за реализација на доделување на средства за обезбедување на социјални услуги во Центарот помеѓу МСПДМ и Здружението „Отворена порта/Ла Страда." Цената на услугата е во согласност со Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2025 година. https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/regulativa-od-oblasta-na-socijalnata-zastita-file-AXbb.pdf

[64]**Здруженијата на граѓани:** „Отворена порта/Ла Страда" за актвности наменети за трговија со луѓе обезбеди средства од 12.700.257,00ден. „За среќно детство" најголемиот број на активностите ги спроведе на волонтерска основа, со логистичка подршка на Филозофскиот факултет – Скопје.

[65]**Меѓународни организации:** Меѓународната организација за миграции **ИОМ** Скопје во рамки на регионалните и националните проекти/активности финансирани од МНР на Данска и Европска Комисија обезбеди проектни буџети околу 300.000,00 ЕУР, За активностите кои што ги спроведе на регионално ниво **УНОДЦ** беа обезбедени 156.500 УСД или 156.500 ЕУР. **УНХЦР** преку своите проекти обезбеди 9,963,340.00 мкд или 161,794.00 ЕУР. Прецизна бројка за буџетот на реализираните активности на **ИЦМПД** во РСМ за 2025г не може да се утврди, со оглед на тоа што активностите се имплементираат во рамките на поголем регионален проект. Канцеларијата на **Совет на Европа** преку проектот Хоризонтален инструмент на ЕУ и Совет на Европа „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во РСМакедонија„ обезбеди околу 96.000,00 ЕУР. Прецизна бројка за буџетот на реализираните активности на GIZ во РСМ за 2025г не може да се утврди, со оглед на тоа што активностите се имплементираат во рамките на поголем регионален проект.

6. ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 година.

- Изготвување и донесување на нова Национална стратегија и Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и трговија со деца и илегална миграција 2026-2030 година;
- Подготовка на Акциски план за воспоставување на Центар за дневно и привремено прифаќање на жртви на трговија со луѓе во согласност со меѓународните стандарди за заштита на жртвите на трговија со луѓе.
- Поддршка за континуирано функционирање на мобилните тимови за идентификација, упатување и асистенција на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе, како и воспоставување механизми за директна асистенција на ранливи категории лица.
- Унапредување на законската и регулаторната рамка за борба против трговијата со луѓе, вклучително и иницирање измени на релевантните закони (работни односи, азил и миграција) и усогласување со европските стандарди и директиви.
- Зајакнување на меѓуинституционалната соработка помеѓу надлежните институции (МВР, Државен инспекторат за труд, центри за социјална работа, обвинителство и други) преку воспоставување структурирани механизми за размена на информации и заеднички оперативни практики.
- Континуирано спроведување мултидисциплинарни обуки и програми за градење на капацитетите на професионалците за проактивна идентификација, истрага и упатување на жртви на трговија со луѓе, со примена на современи истражни техники и ИКТ алатки.
- Унапредување на истражните и обвинителските практики, вклучително развој на стандардни оперативни процедури, финансиски истраги и користење на технолошки алатки во истрагите поврзани со трговија со луѓе и криумчарење на мигранти.
- Зајакнување на системот за заштита на жртвите преку подобрување на пристапот до бесплатна правна помош, психосоцијална поддршка и механизми за остварување на правото на надомест на штета.
- Спроведување активности за подигнување на јавната свест и превенција на трговијата со луѓе, со посебен фокус на младите, ранливите заедници и ризиците од трудова експлоатација и присилни бракови.
- Унапредување на регионалната и меѓународната соработка преку активно учество во регионални мрежи, заеднички оперативни активности и иницијативи за борба против трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти.
- Зајакнување на системите за заштита на лица во мешани миграциски текови, преку обезбедување правна, социјална и психосоцијална поддршка за барателите на азил и други ранливи категории лица.

7. ПРИЛОЗИ:

Прилог 1: Табеларен приказ на идентификувани жртви на трговија со луѓе

<table>
<tr><th colspan="5">2025 година
ИДЕНТИФИКУВАНИ 5 ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ</th></tr>
<tr><td colspan="3">Деца
4</td><td colspan="2">Возрасни
1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Домашни
4</td><td>Странски
/</td><td>Домашни
1</td><td>Странски
/</td></tr>
<tr><td colspan="3">Вид на експлоатација</td><td colspan="2">Вид на експлоатација</td></tr>
<tr><td>Присилен брак
1</td><td>Нелегално посвојување
1</td><td>Сексуална
2</td><td colspan="2">Трудова експлоатација по пат на питачење
1</td></tr>
<tr><td colspan="5">ПРЕТПОСТАВЕНИ 24 ЖРТВИ</td></tr>
<tr><td colspan="5">Претпоставени жртви на трговија со луѓе се 24 лица (19ж/5м) од кои 16 се деца.</td></tr>
</table>

Прилог 2 : Спроведени истраги МВР

Спроведени истраги МВР (2025)				
Спроведени истраги од МВР	Број на истраги	вкупен број на реактивна истрага	вкупен број на проактивна истрага	вкупен број на вклучени лица/сторители во истрагата
МВР спроведени истраги по член 418 а од КЗ	3	3	/	14
МВР спроведени истраги по член 418 б од КЗ	4	3	1	17
МВР спроведени истраги по член 418 в од КЗ	/	/	/	/
МВР спроведени истраги по член 418 г од КЗ	6	5	1	21
МВР спроведени истраги по други членови од КЗ во надлежност НЕСКМТЛ[66]	/	/	/	/
Вкупен број на истраги :	13	11	2	52

[66] Доколку има истраги и КП по други членови согласно работата на НЕСКМТЛ нека се додаде линија (таб подолу) притоа да се впише членот од КЗ (истото се однесуваа доколку има истрага по неколку члена од КЗ). На пр истрага по член 191 или истрага по член 191, 362

Прилог 3: Кривични пријави (КП) поднесени од МВР до ОЈОГОКК

Кривични пријави (КП) поднесени од МВР до ОЈОГОКК (2025)								
поднесени КП по член од КЗ	2025 (број на поднесени КП)	вкупен број на КП (проактивна истрага)	вкупен број КП (реактивна истрага)	вкупен број на сторители за кој е поднесен КП	вкупен број на мажи/сторител	вкупен број на жени/сторител и	вкупен број на сторители/ домашни	вкупен број на сторители/ странски
КП до ОЈОГОКК по член 418 а од КЗ	1	/	1	6	6	/	6	/
КП до ОЈОГОКК по член 418 б од КЗ	4	1	3	17	17	/	12	5
КП до ОЈОГОКК по член 418 в од КЗ	/	/	/	/	/	/	/	/
КП до ОЈОГОКК по член 418 г од КЗ	4	/	4	17	12	5	17	/
КП до ОЈОГОКК по член 394,191 од КЗ								
Вкупно поднесени КП :	9	1	9	40	35	5	35	5

Прилог 4: Податоци од МВР за корисници на сексуални услуги

Податоци од МВР за корисници на сексуални услуги			
корисници на сексуални услуги по чл.418а и 418 г	Вкупен број	вкупен број на службено лице во вршење на службата	правно лице
Број на корисници на сексуални услуги 418 а	5	/	/
Број на корисници на сексуални услуги 418 г	6	/	/

Прилог 5: Поднесени обвинениј од ОЈОГОКК до Основен кривичен суд Скопје 1

Поднесени обвинениј од ОЈОГОКК до Основен кривичен суд Скопје 1 (2025)												
Членови од кривичен закон	Број на поднесени наредби за истрага	Вкупен број на опфатени лица во истрагата	Вкупно поднесени обвинениј до Основен кривичен суд Скопје 1	Број на лица за кој е покренато обвинение	Број на спогодби по лице	Вкупен број на обвинети деца	Вкупен број на обвинети возрасни	Вкупен број на обвинети (мажи)	Вкупен број на обвинети (жени)	Вкупен број на обвинети домашни	Вкупен број на обвинети странски	Број на покренати обвинениј за криумчарење на деца мигранти[67]
Член 418 а	2	2	3 (2 о.п. / 1 о.а.)	7	/	/	7	7	/	7	/	
Член 418 б	23	38	43 (22 о.п. / 21 о.а.)	60	2	6	56	61	1	42	20	21
Член 418 в	2	7	2	7	/	/	7	7	/	3	4	
Член 418 г	4	17	2 (1 о.п / 1 о.а.)	5	/	/	5	5	/	5	/	
член 191 надлежност ОЈОГОКК	/	/	2	9	/	/	9	9	/	7	2	
Вкупно :	30	64	52	88	2	6	84	90	/	64	26	21

[67] Да се внесе бројот на предмети каде биле криумчари деца мигранти, се однесува само за чл. 418 б.

Прилог 6: Вкупен број на пресуди и година на оформување на предмети ОЈОГОКК

Вкупен број на пресуди и година на оформување на предмети ОЈОГОКК[68]		
	Вкупен број на пресуди за 2025	година на формирање на предметот и вкупен број на предмети
Вкупен број на пресуди по член 418 а	3 пресуди	2 предмети од 2025
Вкупне број на пресуди член 418 б	48 пресуди	45 предмети (25 предмети – од 2025г, 20 предмети од 2024г)
Вкупен број на пресуди по член 418 в	7 пресуди	3 предмети (2 предмети – од 2025г, 1 предмет од 2024г)
Вкупен број на пресуди по член 418 г	/	/
Вкупен број на пресуди по член 191 став	1 пресуда	1 предмет (од 2024г)

[68] Да се внесе бројот и годината на оформени предмети, пример 1предмет /2019, 2 предмети /2024

Прилог 7: Преглед на судски предмети и обвинети лица[69]

Член од КЗ	Примени			Завршени			Правосилни			Одлука по лица						Нерешени/ одложени
		Обвинети лица			Обвинети лица			Обвинети лица		Казна затвор			Условна осуда			
	предмети	м	ж	предмети	м	ж	предмети	м	ж	предмети	м	ж	предмети	м	ж	
чл.418-а	4	12	0	3	6	0	2	5	0	2	5	0	/	/	/	/
чл.418-б	44	65[70]	1	49	74[71]	2	50	79[72]	1	42	62[73]	0	8	9	1	/
чл.418-в	8	19	0	8	23	0	4	12	0	3	8	0	1	1	0	/
чл.418-г	1	4	1	2	18	2	1	7	2	1	7	2	/	/	/	/
Вкупно	**57**	100	2	**62**	121	4	**57**	103	3	48	82	2	9	10	**1**	**/**
		102			**125**			**106**			**84**			**11**		

[69]Доставени податоци преку пребарување во АКМИС–системот за водење на судски предмети во Основниот кривичен суд Скопје 01.01.2025-31.12.2025г.
[70] Од вкупниот број на лица, 5 се однесуваат на член 418в а заведени по член 418б
[71] Од вкупниот број на лица, 5 се однесуваат на член 418в а заведени по член 418б
[72] Од вкупниот број на лица, 5 се однесуваат на член 418в а заведени по член 418б
[73] Од вкупниот број на лица, 5 се однесуваат на член 418в а заведени по член 418б

Прилог 8: Дополнителни мерки и специфики

Член од КЗ	Конфискација (да/не + број)	Затворен бизнис/правно лице	Имотно-правни побарувања (бр.)	Обвинети службени лица (бр.)
чл. 418-а	Не	/	/	
чл. 418-б	Не	/	/	1 полициски службеник
чл. 418-в	2 конфискации	/	/	
чл. 418-г	Не	/	/	